**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“- СКОПЈЕ**

**ИНСТИТУТ ЗА ОДБРАНБЕНИ И МИРОВНИ СТУДИИ**

ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА

**М А Г И С Т Е Р С К И  Т Р У Д**

ТЕМА:

# ПРОЦЕСОТ НА ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ОПЕРАЦИИ ВО ФУНКЦИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Ментор:**
Проф. д-р Оливер Бакрески

**Кандидат:**
Никола Кискоски

Скопје, 2016

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"- СКОПЈЕ**
**ИНСТИТУТ ЗА ОДБРАНБЕНИ И МИРОВНИ СТУДИИ**

**Комисија за одбрана на магистерски труд**

| | |
|---|---|
| **Ментор :** | **Проф. д-р Оливер Бакрески**<br>Институт за одбранбени и мировни студии |
| **Членови на комисијата:** | **Проф. д-р Трајан Гоцевски**<br>Институт за одбранбени и мировни студии |
| | **Проф. д-р Зоран Нацев**<br>Институт за одбранбени и мировни студии |

**Датум на одбрана:**_________________________

**Никола Кискоски**

**ПРОЦЕСОТ НА ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ОПЕРАЦИИ ВО ФУНКЦИЈА НА ОСИГУРИВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# Абстракт

Националната безбедност е основа за успешен развој и опстанок на една држава. Со цел да се обезбеди државата од предизвиците и заканите на новото време како што се асиметричните закани, а посебно тероризмот мора да се планираат и спроведуваат специјални операции. Планирањето и спроведувањето на специјалните операции мора да биде реализирано од специјални единици кои ќе го пресметаат ризикот и ќе бидат свесни за околината за цело време на операцијата. Одлуката за употреба на специјални единици мора да се донесе од државниот врв, да се класифицира и да се реагира превентивно. Тоа значи дека специјална операција мора да се спроведи уште пред да се случи било каков терористички акт.

Многу е важно кај припадниците кои ја реализираат операцијата да постои висок степен на безбедносна култура.

Разузнавањето и разузнавачките информации се основа за успешни специјални операции т.е. разузнавањето е основа за безбедноста во една држава. Професионалната работа од страна на персоналот во разузнавачките служби и информациите кои тие ќе ги обезбедат, ќе бидат основа за специјално војување.



**Клучни зборови: специјална единица, специјални операции, планирање, разузнавачки служби, разузнавачки информации, национална безбедност.**

# Abstract

National security is foundation for existence and prosperity of one state. In order to provide security and peace in time of asymmetric threats and terrorism, planning and conducting of special operations inevitable. This planning and execution of special operations are done by Special Forces which are capable of detail risk analysis, situation awareness and operation redness during every phase of operation. Often this means involvement of high state officials, top secret classification and preventive measures in order to conduct special operation even before unwanted security threat happen.

Integrity and high level of preventive safety culture is something that must exist among Special Forces personnel. Intelligence and intelligence information are one of the most important elements for successful special operation. In this context key for security in one state is intelligence community. On the other side information's provided by this intelligence and security agencies are foundations for special warfare.



Keywords: Special Forces, special operations, planning, intelligence, intelligence agencies, security agencies, national security.

# С О Д Р Ж И Н А


Абстракт ........ 4
Abstract ........ 5
ВОВЕД ........ 7
I СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ ........ 9
1. ОПШТО ЗА ВОЕНИ ОПЕРАЦИИ И ГЕНЕРАЦИИ НА ВОЈУВАЊЕ ........ 10
2. ТЕОРИЈА НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ОПЕРАЦИИ ........ 15
3. СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ ........ 17
4. ВИДОВИ НА СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ ........ 18
II ПЛАНИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ОПЕРАЦИИ ........ 24
1. ОПШТО ЗА ПЛАНИРАЊЕ ........ 25
2. ЦЕЛИ НА ПЛАНИРАЊЕТО ........ 27
3. ЗАДАЧИ ВО ПЛАНИРАЊЕТО ........ 28
4. ОПЕРАТИВЕН ДИЗАЈН ........ 36
5. МЕТОДОЛОГИИ ЗА НОСЕЊЕ НА ОДЛУКИ ........ 40
III РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО ПОДДРШКА НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ОПЕРАЦИИ ........ 44
1. ОПШТО ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ ........ 45
2. ДЕФИНИЦИИ И ЦЕЛИ НА РАЗУЗНАВАЊЕТО ........ 46
3. РАЗУЗНАВАЧКИ ЦИКЛУС ........ 47
4. РАЗУЗНАВАЧКИ ДИСЦИПЛИНИ И НАЧИНИ НА РАЗУЗНАВАЊЕ ........ 56
IV СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ – СВЕТСКИ ПРАКТИКИ ........ 61
1. НАПАДОТ НА СОН ТАИ ........ 62
2. ЗАЛОЖНИЧКАТА КРИЗА ВО ДУБРАВКА ........ 66
3. ТАРГЕТИРАЊЕТО НА ОСАМА БИН ЛАДЕН ........ 71
4. РАЗВОЈОТ НА ИСИС ........ 79
5. СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ........ 82
V ЗАКЛУЧОК ........ 86
1. Заклучок ........ 87
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 90

# ВОВЕД

Во минатото многу се зборувало за воени битки на завојувани војски за подоцна да се користи терминот воени операции, а во блиско минато и денес многу често се употребува терминот специјални операции. Проучувањето на терминот специјални операции е предизвик и побудува голем интерес, а тоа се должи на мистичноста и тајноста на специјалните единици кои се единствени авторитети овластени да планираат и спроведуваат специјални операции. Употребата на специјалните единици е дел од современото живеење, а спроведувањето на специјалните операции е неопходност. Секојдневно сме сведоци на нарушување на безбедноста и на терористички напади насекаде во светот. Дури и во најбезбедните региони и држави се случуваат напади, а како пример може да се споменат неодамнешните терористичките напади во Франција и во Белгија. Република Македонија, како и останатите земји во регионот, е подложна на влијанието на современите закани на безбедноста. Во нашето опкружување т.е. на Балканскиот Полуостров ризикот од закани е многу поголем пред се поради местоположбата и мешавината на народи и религии. Пред се се мисли на асиметричните закани (тероризам, илегален шверц и тн.). За постоењето на безбедносен ризик влијание има самата местоположба на нашата држава, како и опкружувањето.

За зачувување на националната безбедност потребна е постојана работа на целокупниот безбедносен систем. Со рано детектирање на можни сторители на терористички напад од страна на разузнавачките служби и со превентивно делување со спроведување на специјална операција од страна на специјалните единици може да се спречи несаканиот ефект. Ова во пракса е многу тешко да се реализира, но акцентот треба да се стави на превенција, а не на одговор на напад. Во еден пример тоа би значело доколку е можно специјалната операција да се спроведи за да се спречи терористички напад, а не како одговор на напад.

Сепак мора да признаеме дека специјалните операции како производ на новото време се се почесто употребувани како превенција од новите закани и се најсоодветен

одговор. За да имаме планирање и реализирање на успешни специјални операции мора да се исполнат и задоволат повеќе елементи. Добри, точни, детални и навремени разузнавачки информации. Добро и детално планирање на специјална операција и крајна фаза реализација на истата од страна на добро обучена специјална единица. При самото реализирање на специјалната операција мора да се запазат и основните фази по точниот редослед со цел успех на задачата.

Доколку една држава е многу успешна во превенција и неутрализирање на заканите, тогаш и самите поединци или терористички организации кои планираат терористички напади ќе ја одбегнуваат таа држава и ќе се плашат од можен неуспех. Тоа би била и крајната цел на националната безбедност, а тоа е безбедна држава и безбеден живот на сите граѓани во една држава.

# I СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ

# 1. ОПШТО ЗА ВОЕНИ ОПЕРАЦИИ И ГЕНЕРАЦИИ НА ВОЈУВАЊЕ

Со развојот на војувањето во 1989 година од страна на тим од аналитичари на САД предводени од Виљам С. Линд се врши дефинирање и поделба на техниките и начините на војувањата во четири генерации на модерно војување.[1]

Првата генерација на модерното војување започнува во 1648 година со потпишување на договорот во Вестфалија со кој се става крај на триесетгодишната војна, и практично им се дава независност на германските држави кои до тогаш биле зависни од римското свето царство. Цврсто утврдениот суверенитет на националните држави им овозможува на владите да организираат и одржуваат свои војски[2]. Пред тоа војските и нациите беа контролирани од религиите, и многу војни се водеа во име на вечната борба.

Првата генерација е карактеристична по масовноста и тактичкото војување кое се реализирало во редици и колони. Развиени се чиновите со цел подобро да се организираат единиците. Воведени се правила за реализација на воени вежби, дозволувајќи им на линиите и колоните маневри за поголема прецизност и зголемување на огнот во битката. Се појавува контрола на медиумските информации и производство на фалсификувани пари, со цел да се оспори економијата на непријателот.

Примери за прва генерација на војување се: Англиската граѓанска војна, Англо-Шпанската војна, Американската револуционерна војна, Наполеоновите војни и Американската граѓанска војна.

Втората генерација на војување започнува во 1800-те со пронаоѓањето на пушките – мускети со кои се зголемува прецизноста и брзината на постапката за отварање на оган. Директното марширање на редовите и колоните претставувала голема загуба во жива сила[3].

Во втората генерација на војување се уште се одржувале линиите на војувањето, но сега повеќе е фокусирана на употребата на технологијата која овозможува на помалите единици да се движат одделно. Овие мали единици обезбедуваат побрз напредок, помалку

---

[1] Echevarria, Antulio J. II (2005). Fourth-Generation War and Other Myths. United States Army.
[2] Echevarria, Antulio J. II (2005). Fourth-Generation War and Other Myths. United States Army.
[3] Lind, William S. (2004). "Understanding Fourth Generation War". Retrieved February 7, 2010

концентрирани жртви, и употреба на прикриеност и заштита од страна на природните и вештачките објекти.

Примери за втора генерација на војни се: Американската граѓанска војна, Бурската војна, Првата светска војна, Шпанската граѓанска војна, Иранско-Ирачката војна.

Третата генерација или уште позната како blitzkrieg развиена од страна на германската армија претставува маневарско војување. За време на германската инвазија на Франција се демонстрираше сила на брзина и маневар преку статичките фронтовски поставени позиции и ровови за одбрана. Со употреба на тенкови, механизирани пешадиски единици и блиска воздушна поддршка, германците беа во можност да ја пробијат линеарната одбрана и да завземат дел во длабочина, а брзиот напредок и маневарот им овозможи на сојузничките сили да навлезат длабоко во Ирак за време на Заливската војна во 2003 година.

Акцентот на маневрирањето и брзината за да се заобиколат непријателските единици останува заедничка стратегија во целиот свет. Развојот на третата генерација на војување се базира на концептот за надминување на технолошкиот недостаток преку употреба на паметна стратегија. Линиските распореди на борбите дојдоа до својот крај, акцентот на коњаницата се пренесе на оклопните возила со поголема брзина, развојот на хеликоптерот овозможи навлегување во непријателската територија, а напредната ракетна технологија овозможи заобиколување на непријателската одбрана и напад на цели од големи растојанија. Брзината својствена на овие методи укажа на потребата од поголем степен на независност на единиците на линиите на фронтот.

На помалите единици им беше дозволена поголема флексибилност за да се справат со измените на состојбата на теренот, отколку за нив да донесуваат одлуки командантите кои се наоѓаат далеку од фронтот. Со ова почна да се распаѓа строгата култура на ред што беше нагласена во претходните епохи на военото командување и контрола.

Примери за третата генерација на војување се: Втората светска војна, Корејската војна, Виетнамската војна, Заливската војна, Инвазијата на Ирак во 2003 година и тн.

Четврта генерација на војување може да се опише како враќање на војувањето во децентрализирана форма т.е. војување на повеќе локации со мали формации и релативно независно, војување помеѓу културите а не помеѓу државите, губење на борбениот монопол на борбените сили на државите – нации, и враќање на конфликтот како појава во

пред-модерните времиња[4]. Четвртата генерација се карактеризира со замаглување на линијата помеѓу војна и политика, борци и цивили, државни и недржавни актери. Оваа генерација на војување е дефинирана како конфликт кој ги вклучуваат следните елементи:

- тероризам (тактика);
- ненационална или транснационална основа – високо децентрализирана;
- директен напад врз основните идеали на непријателот;
- високо софистицирана психолошка војна, изразена преку медиумска манипулација;
- употреба на притисок – политички, економски, социјален и воен;
- живеење во конфликт со низок интензитет каде што се вклучени учесници од сите сегменти на образование, профил, работа;
- недостиг на хиерархија;
- употреба на бунт и герилски тактики.

Овој начин на војување наметнува развој на стилот на војување и формирање на нови воени структури коишто ќе можат да се спротивставаат на класичните неконвецонални техники. Во оваа генерација на војување најчесто користен термин е конфликт со низок интензитет. Овој термин се појавил по Втората Светска војна и значи започнување на субверзивни дејства за подоцна да прераснат во вооружени дејства и создавање на герилско движење ако односот на силите не е рамноправен. Овие судири многу често неофицијално се ставаат под контрола на меѓународната заедница. Сепак овие судири се закана за мирот и секогаш се проследени со современи тактики и техники на специјално војување т.е. ограничена употреба на воена сила, а зголемена активност на: медиумите, политичкиот фактор, економскиот, психолошките операции и сл. Инволвираноста на државите во судир со низок интензитет може да биде директна и индиректна, а на страната кон која се чувствуваат симпатии и се помага прикриено. Помошта може да биде: вооружување, финансии, опрема, информации, а многу често се помага во вид на обука и подготовка за поефикасно војување.

Во денешно време најголемите закани за повеќето држави доаѓаат од асиметричните закани (организиран криминал, тероризам, сајбер криминал, злоупотреба

[4] Lind, William S. (2004). "Understanding Fourth Generation War". Retrieved February 7, 2010

на информатичка технологија и тн.) кои се во подем, а е се помала можноста за директна воена закана од надворешна сила.

Најновите закани од тероризам и нерегуларното војување каде што противникот едноставно не постои како легитимна цел која носи униформа со ознаки и која се наоѓа на една страна на војувалиштето ги доведува под знак прашалник функционалноста на конвенционалните доктрини. Затоа се појавува потреба од специјално војување и неконвенционална доктрина на војување која би требало да даде соодветен одговор на новите закани.

Во основа на специјалното војување е герилското војување. Герилското војување е доста стара метода на војување и во основа е борба на релативно послаб противник кој е доста мотивиран има подршка од локалното население и се служи со неконвенционални методи на војување, а од друга страна се наоѓа регуларна воена формација која е масивна и тромава. Герилското војување е креација на слабиот противник од една страна и големата и силна војка од друга страна. Во основа на герилското војување е изненадувањето и измамата. Обично герилците добро го познаваат теренот и ги користат предностите во изборот на локацијата и времето на напад. Може да дејствуваат самостојно, а може и во содејство со други сили (формални и неформални). Нивната цел е постојано напаѓање на вооружените сили со методи на саботажа, диверзија, заседа па и со елементи на тероризам. Тоа кај конвенционалните сили внесува недоверба во успехот, страв, несигурност. Герилското војување многу често добива симпатии и меѓународна поддршка но истата многу лесно ја губи поддршката доколку при нивното војување превзема дејства каде ги прекршува меѓународните права и норми и користи терористички методи. Во основа герилската стратегија е постојано вознемирување на непријателот и одложување на војната, а во исто време привлекување на меѓународното внимание. Од друга страна герилците мора да се претстават како борци за човекови права и слобода, легални војници и тн. Во денешно време во конфликти со низок интензитет се почесто се користи терминот бунтовници или борци за човекови права но во основа тие се герилци.

Одговорот на една држава на герилска закана мора да биде: тивка, тајна, брза и прецизна за да се претстави како изолиран случај и да не добие публицитет со меѓународни димензии, симпатии и подршка. Тоа значи мора да се спроведе специјална

операција каде би се употребиле мали сили, добро обучени, а операцијата би се реализирала во голема тајност. Доколку има можност операцијата воопшто нема да се спомне медиумски и истата ќе се негира, а во случај кога не може да се сокрие во целост би се известило дека се спроведила некоја вежба или неутрализирање на криминални структури без да се дава големо значење.

Покрај воениот одговор на герилското движење мора да се согледа и политичката причина на герилското движење и веднаш да се задоволи месното население за да се добие неговата подршка и наклонетост. Доколку се добие подршката од населението тоа би значело и губење на поддршката на герилците од страна на населението, нивна изолација и отфрлање. Треба да се напомене и тоа дека герилските сили многу често ги навлекуваат воените сили да интервенираат во населени места, со цел да има што повеќе цивилни жртви и голема штета за да може да ги оправдаат нивните акции. Дел од тие паравоени сили со користењето на неконвенционални методи и со прекршување на хуманитарното право добиваат статут на терористички организации.

## 2. ТЕОРИЈА НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ОПЕРАЦИИ

Временски и историски се има покажано дека со употреба на мали сили, со користење на неконвенционални методи и со постигнување на изненадување може да се победи поголема и поорганизирана единица, а посебно во третата генерација на војување се почетоците на специјалните операции и се главен фактор на современото војување денес и во иднина. Специјалните операции се единствениот одговор на новите закани (тероризам, бунтовници и сл.) и со нивна примена секогаш се тежнее да се постигне одредена предност врз противникот т.н. релативна супериорност, а тоа значи да се постигне одлучувачка предност врз посилен противник. За да се постигне одлучувачка предност мора да се задоволат одредени услови, а тоа се: воениот план на операцијата кој се изработува мора да биде едноставен, мора да пружи безбедност на сопствените сили, мора да биде извежбан до автоматизам од сите учесници и со него мора да се постигне изненадување за непријателот. Задачата мора да се изврши брзо и да не се губи фокусот од целта на мисијата. Доколку се запостави некој од горе наведените услови може да се доведеме до ситуација на неуспех. Единствени единици кои може да бидат брзи, прикриени и да постигнат изненадување се специјалните единици затоа што се мали по формација, со високо мотивиран персонал кој е добро обучен и може да се усовршат до ниво автоматизам и да функционираат како еден и да тежнеат кон целта на мисијата.

Војната за специјалните единици никогаш не е завршена. Тие се избраните први да започнат со дејствување често уште пред да започне војната, а последни да се повлечат. Специјалните единици се употребуваат таму каде што е невозможно да се употребат конвенционални единици и каде се очекуваат резултати кои често имаат многу пошироко влијание (политичко, дипломатско и тн.). Меѓутоа мора да напоменеме дека специјалните единици имаат и свои слабости, а тоа се следниве:

- Процесот на потполна на единицата и обука со персонал е доста бавен и скап. Значи не може да се формира специјална единица непосредно пред криза или за време на криза и истата да биде оперативна.

- Нивната употреба секогаш мора да биде наменска и оправдана. Обуката која мора да ја помине секој припадник за да биде оперативен е многу долг и скап процес и секоја загуба е тешко надополнива посебно во услови на криза.
- Многу е тешко да се зголемат нивните капацитети, а секое зголемување го намалува квалитетот на единицата. Создавањето на вакви сили е долг и сложен процес.

Во рамките на специјаните сили секогаш се води сметка за тоа дека луѓето се највредното нешто, а не опремата.

## 3. СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ

Специјалните операции се изведуваат самостојно или во комбинација со конвенционалните воени операции, а се изведуваат од страна на посебно обучени единици. Примарната цел е да се постигнат политички, воени дипломатски, информативни или економски цели, каде што употребата на конвенционалните сили може негативно да влијае на севкупниот стратешки исход. Специјални операции најчесто се спроведуваат во низок интензитет, и се употребауваат на начин на кој има за цел да се постигне предност над целта со употреба на брзина, изненадување и акција. Специјални операции се вршат со ограничен број на високо обучен персонал, кои се способни да работат во сите средини, самоуверени, лесно се прилагодуваат за да ги надминат пречките, и ги користат неконвенционалните борбени вештини и опрема за да се заврши мисијата. Специјалните операции се разликуваат од конвенционалните операции во степен на физички и политички ризик, оперативните техники, начинот на работење, независност од пријателски поддршка и зависноста на детални оперативни разузнавачки подготовки и зависност од информациите на локалното население. Истите се спроведуваат во мир, конфликт и операции за поддршка и стабилизација.

За успешност на специјалните операции треба да бидат исполнети четири фактори:

- јасни национални стратешки – глобални цели;
- ефикасно командување, контрола, комуникациска и разузнавачка поддршка на сите нивоа;
- компетентно планирање и реализирање на тактичко ниво;
- единици кои што се обучени, опремени и организирани со цел да спроведат специјални операции;[5]

[5] АРМ, Правило за специјални операции.

## 4. ВИДОВИ НА СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ

Постојат повеќе активности кои се назначени како главни специјални операции. Тие се: директна акција, противтероризам, воено асистирање, нековенционално војување, специјално извидување, противбунтовничка борба, психолошки операци, цивилна соработка, информациски операции, и противпролиферација на оружје за масовно уништување.

**Директна акција**

Директните акции се основна мисија на специјалните единици, а претставуваат нападни борбени дејства со мал интензитет кои се извршуваат врз цели од посебна важност од оперативно или стратегиско значење.

Овие операции претставуваат удари со кратко времетраење и други видови на офанзивни операции реализирани од страна на единиците за специјални операции, со цел да се изврши: поттиснување, уништување, заробување, вознемирување или нанесе штета на одредени лица или материјално технички средства. Директните акции во рамки на поширокатa операција овозможуваат особено важни, добро дефинирани, специфични и временски чувствителни резултати. Тие можат да бидат самостојни или како дел од поголема конвенционална или неконвенционална операција или кампања. Директните акции се ограничени во поглед на времетраење и обичаено вклучуваат брзо повлекување од местото на извршување. При спроведување на овие операции силите може да користат како тактика: заседа, препад, упад, снајперска мисија, директен напад, употреба на мини и минско експлозивни средства, употреба на запречен напад со огнена поддршка од воздух, копно или пловни објекти, наведување на прецизни проектили и употреба на независни саботажи и против – бродски операции. Разликата од конвенционалните борбени (нападни) дејствија е по нивото на физички и политички ризик, тактика и техника на употреба на сила за да се постигне специфичната цел. Директните акции имаат за цел: да уништат стратегиски важни цели на непријателот (центар за врски, командно место, магацини итн.), неутрализирање, заробување или спасување на лица, блокирање или уништување на важни комуникациски правци за непријателот (мостови, раскрсници). Треба да се напомене дека во директни акции спаѓаат и операции за обезбедување на лица

кои се од голема политичка и воена важност, обезбедување на средства исто така од голема важност, мисии за спасување на лица како и мисии за евакуација.

**Против тероризам**

Противтероризам е сублимат од нападни и одбранбени дејствија, реализирани од страна на надлежни безбедносни институции  со крајна цел заштита, превенција или спречување на тероризмот.  Со превземањето на контратерористички и антитерористички активности се организира борбата против тероризмот. Контратероризам е преземање нападни мерки со цел да се спречи, одврати и одговори на тероризмот, а антитероризам представува преземање одбранбени мерки со цел да се редуцира ранливоста на терористичките дела. Најголем дел од активностите што се превземаат од овој домен се класифицирани . Специјалните единици се обучуваат и во двата домени, а за да може соодветно да се одговори на секоја закана потребно е нивна  постојана оперативност. Основна мисија на специјалните единици од доменот на контратероризмот е со примена на посебни мерки и тактики да дојде до спречување на терористичките акции уште во зачетокот. Овие операции може да ги извршуваат сами или во содејство со други институции. Во пракса најчесто контратерористички задачи се спроведуваат по реализирањето на терористички напад, затоа што е многу тешко да се изврши детектирање на терористите поради големата тајност.

Антитерористичка мисија е превземање на низа мерки и активности со цел заштита на лице или објект од терористички напад. Специјалните единици многу често се ангажираат за обезбедување на важни лица, објекти или настани. Сите одбранбени мерки што се превземаат за заштита се антитерористички мерки. Исто така специјалните единици може да организираат обука и да асистираат во вакви ситуации за потребите на безбедносните сруктури.

**Воено асистирање**

Воено асистирање е специјална задача која е производ на неконвенционалното војување. Станува збор за помагање на една од завојуваните страни (воени или паравоени структури) со обука, опрема, вооружување и финансии и подготовка на истата за извршување на борбени дејствија. Специјалните единици се најпогодни за овие задачи затоа што тие се мали формации кои ја познаваат целокупната воена обука во детали, а по завршување на обуката изведуваат борбени дејствија заедно со обучуваните. Во прво

време се лидери во борбените дејствија, а по нивна проценка (кога персоналот кој се обучува е доволно спремен за самостојни операции) може и да се повлечат или да започнат иста мисија во друг реон. За да може да се реализира една ваква комплексна мисија специјалната единица односно инструкторите кои ќе ја реализираат мора добро да се подготват, да го научат јазикот на земјата домаќин, да ги научат и да ги почитуваат обичаите, да живеат и да работат постојано и заедно со луѓето и да бидат обучени од сите специјалности. Военото асистирање е еден од најуспешните начини на војување, а предност е што се користи локално население кое го познава теренот и има поддршка од месното население, а тие се основни услови за доминација на бојното поле. Од друга гледна точка нема присуство на големи формации од земјата која го реализира военото асистирање, нема големи загуби на жива сила, а се добива меѓународен впечаток дека се води граѓанска војна. Крајната цел е да се победи спротивната страна без директно мешање на војската на другата држава. Специјалната единица мора преку реализирањето на мисијата воено асистирање да ги вгради националните интереси на сопствената држава во темелите на новото уредување или новата држава. Тоа мора да биде прикриено но доволно јасно за градење на релациите со таа држава во иднина и придобивање на месното население. Припадниците кои се вклучени во военото асистирање мора да бидат подготвени за различен тип на мисии и предизвици, а за цело време на мисијата мора да се работи и на собирање на разузнавачки податоци за целокупната територија.

**Неконвенционално војување**

Неконвенционалното војување вклучува герилска војна, субверзија, саботажа, разузнавачки активности, евакуација и бегство, и други активности кои се прикриени или со „ниска видливост“. Кога се спроведува неконвенционалното војување независно дали е конфликт или војна, примарниот фокус е на политички или психолошки цели. Кога неконвенционалното војување е насочено за поддршка на конвенционалните воени операции, фокусот се префрла првенствено на воените цели. Неконвециналното војување или борба е можност за водење на борба со помоќен противник.

**Специјално извидување**

Специјалните единици вршат специјално извидување како поддршка на националната политика. Се изведува во тајност со превземање на мерки за најголема оперативна безбедност и со висок степен на класификација. Специјалното извидување е вид на

извидување каде се потребни посебни можности и капацитети, а се изведува за собирање или потврдување на информации за потенцијалниот непријател. Разликата помеѓу специјалното извидување и останатите видови на извидување е во тоа што специјалното извидување во одредена фаза може да премине во директна акција. Специјалното извидување може да се изведува во униформа и со воена опрема во конфликтна ситуација, во цивилна облека или друг начин на прикривање во мир и во друга земја.

Специјалните единици спроведуваат широк спектар на начини на собирање на информации од стратегиско или оперативно значење. Специјалното извидување ги надополнува националното или конфликтното подрачје со разузнавачки информации со одржување на специфични, точно дефинирани и временски осетливи информации кога другите системи се ограничени од страна на времето, теренот, непријателските контра мерки или конфликтни приоритети. Специјалното извидување вклучува:

- извидување на опкружувањето – околината;
- извидување при кое е вклучена готовност за уништување на целта од самиот извидувачки елемент;
- крајбрежно патролирање и пресретнување;
- проценка на целите и заканите;
- извидување после извршениот напад со цел проценка на состојбата на нападнатата цел;

Да напоменеме дека специјалните единици се зависни од детални, навремени и точни разузнавачки информации. Доколку има доволно време и можности пред задача, специјалните единици со примена на специјално извидување сами си собираат информации за понатамошно нивно делување. Од ова може да се заклучи дека специјалните единици се врвни во собирањето на осетливи информации. Затоа секаде во светот за потребите на националната безбедност се употребуваат специјалните единици како дел од разузнавачките служби, а тоа значи дека често се употребуваат за извидување и собирање на информации каде нивото на ризик е многу големо.

**Противбунтовничка борба**

Во историјата се има покажано дека класичните конвенционални единици скоро никогаш не можат да одговорат на предизвиците на герилското војување. За да дојде до соодветен одговор на герилското војување потребно е сосема друг пристап. Збирот на

неконвенционални мерки, тактики и активности кои се превземаат со цел неутрализирање на герилските активности се вика противбунтовничка борба. Оваа борба е комбинација од офанзивни и дефанзивни операции. За да се успее во противбунтовничката борба неопходна е добра синхронизација и координација на сите операции и активности. Клучна улога односно центар на гравитација во овие активности има населението. Неговата придобивка е многу важна, а често и одлучувачка за конечната победа. Приоритет треба да ни биде целта и идеологијата на герилците, а не самите тие. Ако се успее да се разбере нивната идеологија и нивната крајна цел многу лесно ќе се дојде до решение за успешна борба.

**Психолошки операции**

Психолошките операции ги поттикнуваат или засилуваат странските ставови и однесувања со спроведување на планирани операции за да се пренесат избраните информации за да се влијае на публиката на нивните емоции, мотиви, објективно расудување, за на крајот да се влијае на однесувањето на владите, организациите, групите и поединците.

**Цивилна соработка**

Цивилната соработка ги олеснува воените операции, и ги консолидира оперативните активности преку помагање на командантите во воспоставување, одржување, делување или искористување на односите помеѓу воените сили и цивилните власти, владини и невладини, и цивилното население во пријателска, неутрална или непријателска област на делување.

**Информативни операции**

Информативните операции се однесуваат на активностите што се превземаат за да се влијае на непријателските информациски системи, а се врши одбрана на сопствените информации и информативни системи. Следните активности вршат поддршка на мисијата на информативните операции: директна акција, специјално извидување, психолошки операции, цивилна соработка.

**Контрапролиферација на оружје за масовно уништување**

Контрапролиферацијата се однесува на активностите што се превземаат за да се искористи, уништи, направи безбедно, заплени или врати оружјето за масовно уништување. Специјалните единици поседуваат уникатни способности за да се следи и

поддржува согласноста за контрола на оружјето. Специјалните единици исто така можат да спроведат мисии од типот специјално извидување или дирекна акција со кои ќе го лоцираат  и забранат транспортот на опасните материи или оружје по копно воздух или вода. Специјалните единици се задолжени за организирање, обука и опремување за изведување на операции за поддршка во борбата против оружје за масовно уништување.[6]

[6] АРМ, Правило за специјални операции.

# II ПЛАНИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ОПЕРАЦИИ

# 1. ОПШТО ЗА ПЛАНИРАЊЕ

Планирањето како основна функција во менаџментот е една од најважните алки во процесот на реализација и исполнување на крајната цел. Може да се каже дека планирањето кое денес се користи во сите области потекнува од војската. Посебно е карактеристично за планирање на назад т.е. од моментот на реализација до моментот кога се започнува со мисловниот процес.

Денес со промените на заканите во светот се наметнува промена и на оперативниот концепт на армиите, како и нивните мисии и способности. Специјалните операции не претставуваат само интензитет од офанзивни и дефанзивни операции, тие вклучуваат и операци за стабилизација и поддршка на мирот. Воените единици треба да бидат подготвени не само воено да го поразат непријателот, туку и да извршуваат функции кои не се од доменот на воените операции како што е: дипломатија, информирање, соработка со цивилното население, економска помош, помош во случај на елементарни непогоди и сл.

Ефективноста и ефикасноста на специјалните операции наметнува потреба од адаптивно планирање и модуларни единици кои што ќе дадат одговор на асиметричните закани.

Планирањето претставува клуч за успехот на реализирање на мисијата и е критична компонента која е заедничка за сите аспекти во реализирањето како на конвенционалните така и на специјалните операции.

Донесувањето на одлука претставува знаење дали да се одлучи, кога да се одлучи и како да се одлучи.

Процесот на планирањето и донесувањето на одлуки претставува наука и уметност. Многу аспекти од воените операции - брзина на движење, потрошувачка на гориво, ефектот на вооружувањето се мерливи и претставуваат дел од науката на војувањето. Други аспекти како што се влијанието на лидерството, комплексноста на операциите и

неизвесноста во проценката на намерите на непријателот - претставуваат дел од уметноста на војувањето[7].

Борбеното правило (Field Manual/FM) 5-0, „Военото планирање и правење наредби", како и „Здружени тактики, техники и процедури за специјалните операции при изборот на цели и планирање на мисиијата" (ЈП3-05.2) издадени и стандардризирани од НАТО земјите претставуваат извонреден прирачник во процесот на донесување воена одлука (ПДВО), каде даваат преглед на доктрината, техниките и процедурите применети од штабови на баталјони и повисоко[8].

Иако принципите на планирање останувaат исти, некои од техниките и процедурите систематизирани од армиските баталјони и бригади, не секогаш се применуваат за време на реализирањето на специјалните операции. Основните принципи во планирањето се седумте чекори од процесот на донесување на воена одлука, а како тие ќе се применат е техника.

Главно правило во планирањето е да се цели кон здрав разум и употребливост. Се што е планирано треба да е употребливо и функционално, а финалниот производ т.е „добар план" е секогаш поважен од самиот процес на планирање.

---

[7] FM 101-5, Staff organization and operations, Headquarters, Department of the Army
[8] Special forces planning handbook, student handout, July 2004.

## 2. ЦЕЛИ НА ПЛАНИРАЊЕТО

Уникатноста на специјалните единици за време на реализирање на специјалните операциии е поседување на капацитет за развивање на решенија за комплексни проблеми во осетливи опкружувања во поддршка на стратегиски, оперативни и тактички цели.

Целта на планирањето е проучување на ситуацијата на боиштето и пронаоѓање на логичко решение на проблемот. Овој процес помага да се применуваат темелност, јасност, здрав разум, логика, и професионално знаење за да се донесе одлука, да се одреди концептуална база за акција и да се минимизира несигурноста за време на реализација на специјалните операции.

Тоа се постигнува со воочување на посакуваниот резултат (крајна цел) и со опис на ефективните методи за остварување на крајната цел.

Планирањето ги подредува процедурите за:

- дефинирање на проблемот (анализа на мисијата);
- креирање на решение за проблемот (развој на курс на акција);
- тестирање на решението (воени игри).

Планирањето ги интегрира активностите на:

- командантот;
- потчинетите командири;
- штабот.[9]

[9] Special forces planning handbook, student handout, July 2004.

# 3. ЗАДАЧИ ВО ПЛАНИРАЊЕТО

Во зависност од единицата, големината на операцијата, како и нејзиното значење (оперативно, стратегиско или тактичко) планирањето може да се реализира на два начини:

- процедура на трупно водење (ПТВ) и
- процес на донесување на воени одлуки (ПДВО).

Процедурата на трупно водење се спроведува начелно од страна на конвенционалните единици со јачина вод-чета, а додека од ниво баталјон па нагоре се спроведува процесот на донесување на воени одлуки.[10]

Процедурата на трупно водење се состои од следните девет чекори:

1. **Прием на мисијата** - претставува добивање на мисијата која што може да биде нова или пак промена на мисијата која што е во тек. Лидерот мора да ја анализира мисијата врз основа на факторите: мисија, непријател, време, терен, сили на располагање и присуство на цивилно население. За времето треба да испланира да користи 1/3 од времето кое му е на располагање до почетокот на мисијата да ја издаде наредбата, и 2/3 од времето за потчинетите.
2. **Издавање на предупредувачка наредба**. Оваа наредба дава воведни инструкции за мисијата и видот на операцијата, кој учествува, временска рамка за реализирање, се со цел да се овозможи започнување со подготовките за реализирање (муниција, храна вода, материјално технички средства и сл.). Овој вид на предупредувачка наредба нема некој специфичен формат.
3. **Изработка на пробен план** - почеток на формулирање на методот за да се заврши мисијата. Лидерот врши проучување и сфаќање на намерата на претпоставениот две нивоа повисоко и развива проценка на ситуацијата за да ја формираат основата на некаков план. Основата на анализата е формирана од мисија, непријател, време, терен, сили на располагање, присуство на цивилно

[10] Ranger Handbook, Ranger Training Brigade United States Army Infantry School Fort Benning, Georgia July 2006

население, пречки, пристапни патишта, клучен терен, набљудување, прикриеност и заштита.

4. **Започнување со движење.** Условите често наметнуваат да се започне со неопходното движење додека се уште трае планирањето и оваа точка може да се реализира во било кое време во текот на планирањето. Затоа се назначува лидер кој што ја придвижува единицата.
5. **Извидување** - се користат карти, сателитски снимки, аерофото снимки или ако дозволува времето, се реализира физичко извидување од самите извршители за да се потврдат правците и критичните точки. Доколку има висок ризик од контакт со непријателот тогаш извидувањето се потпира од претходно наведените ресурси.
6. **Комплетирање на планот** - лидерот по реализираното извидување ги врши неопходните промени во планот со цел да се осигура дека планот ги исполнува барањата на мисијата на намерата на претпоставениот.
7. **Издавање на наредба** - се изготвува оперативна наредба во параграф од пет точки, во кој се дава одговор на следните прашања:
   - кој;
   - што
   - кога
   - каде и
   - зошто;

   Сите учесници во извршување на задачата мора да ги знаат одговорите на овие прашања.
8. **Надгледување** - претставува контрола и следење на веќе издадените задачи.

Употребата на ПТВ начелно се заснова при реализирање на мисии од тактичко значење и чекорите не мора да бидат според наведениот редослед[11].

Процесот на донесување воена одлука (ПДВО) во специјалните единици се спроведува на сите нивоа, започнувајќи од тим, па се до здружени специјални оперативни

[11] Ranger Handbook, Ranger Training Brigade United States Army Infantry School Fort Benning, Georgia July 2006

команди. Кога тим од специјална единица го врши планирањето треба да се напомене дека нивната примарна улога останува реализирање на мисијата.

ПДВО е составен од седум чекори и секој чекор се развива врз основа на претходниот.

Единиците кои што го реализираат планирањето не смеат да прават било какво кратење или заобиколување на постапките во одреден чекор бидејќи тоа ќе се одрази врз следниот како и врз целокупниот план. Седумте чекори на процесот на донесување воена одлука се следни:

- Прием на мисијата;
- Анализа на мисија;
- Развивање на правци на акција;
- Анализа на правците на акција;
- Споредување на правците на акција;
- Одобрување на правец на акција;
- Изготвување на наредба. [12]

[12] Special forces planning handbook, student handout, July 2004.

## Процес на донесување на воени одлуки




1. **Прием на Мисија** - овој чекор започнува со прием на мисијата од претпоставената команда или заклучок на командантот кој произлегува од тековната оперативна ситуација. Без разлика како е примена наредбата, мисијата се препишува и се истакнува на видно место за да можат сите вклучени во процесот на планирањето во секое време да ја видат која е мисијата на единицата.

Откако ќе се прими мисијата се врши кратка почетна проценка со која се:

- одредува расположливото време од приемот на мисијата до нејзиното извршување;
- одредува потребното време за планирање, подготовка и извршување на сопствената мисија;
- дефинира (одредува) разузнавачката подготовка на бојното поле;
- одредуваат (дефинираат) штабните проценки кои можат да се користат како помош при планирањето;

Откако командантот ќе одлучи дали ќе се оди на скратена или целосна постапка во процесот на донесување на одлука ги дава своите почетни инструкции со кои се регулира:

- начинот на кој може да се скрати процесот на донесување на воена одлука, ако е тоа потребно;
- одредување на почетната распределба на времето;
- како да се започне со почетно извидување;
- дозволено движење;
- дополнителни задачи кои треба да се извршат;

Последна фаза од овој чекор е издавање на подготвителна наредба со која се регулира:

- видот на задачата:
- општата локација каде ќе се изведе задачата:
- почетна временска рамка;
- кои движења треба да ги спроведат единиците.

2. **Анализа на мисија** - претставува чекор кој е од суштинско значење за ПДВО и се реализира низ стандардна процедура која ја сочинуваат 17 не секогаш последователни чекори, кои овозможуваат паралелно планирање, и овозможува максимално време за спроведување на планирањето.

   Чекори во анализата на мисијата се:

   - анализа на наредбата од претпоставената команда;
   - спроведување на почетната РПБП (разузнавачка подготовка на бојното поле;
   - одредување на задачи кои се зададени, кои се подразбираат и кои се од суштинско значење на остварување на мисијата;
   - преглед на расположливите средства;
   - одредување на ограничувањата;
   - идентификација на важни факти и претпоставки;
   - спроведување на проценка на ризик;
   - одрдување на приоритетни задачи од суштинско значење за потребите на командантот;

- одредување на првичниот извидувачки анекс;
- планирање на употреба на расположливото време;
- пишување на редефинирана мисија;
- спроведување на брифинг за анализа на мисијата;
- одобрување на редефинираната мисија;
- развој на првичната намера на командантот;
- издавање на инструкции добиени од командантот;
- издавање на подготвителна наредба;
- преглед на фактите и претпоставките;

Анализата на мисијата овозможува визуелизација на бојното поле. Резултатот од анализата на мисијата претставува дефинирање на проблемот и започнува со процесот на одредување на остварливи решенија.

3. **Развивање на правци на акција** - во текот на овој чекор треба да се развијат повеќе варијанти при што за секој тек на дејство треба да се предвиди:

- што треба да се направи - тип на акција;
- кој - која потчинета единица треба да го стори тоа;
- каде - во кој сектор треба да се случи;
- зошто - намера на претпоставената команда;

Секоја развиена варијанта за дејство треба да ги задоволи следните критериуми:

- соодветност. Варијантите треба ја извршуваат мисијата и да бидат во согласност со добиените инструкции;
- остварливост. Единицата треба да биде способна за извршување на мисијата во поглед на расположливото време, просторот и ресурсите;
- Прифатливост. Тактичката, оперативната или стратегиската предност која се добива со реализација на секоја варијанта, треба да ги оправдува загубите на ресурси, а особено жртвите. Оваа проценка е во голема мерка субјективна.
- Особеност. Секоја варијанта за дејство треба значително да се разликува од сите други. Разликите може да бидат резултат од употреба на резервите, различните организации на задачи, дневни или ноќни операции или различни шеми на маневар. Овој критериум исто така во голема мерка е субјективен.

- Комплетност. Треба да постои комплетна изјава за мисијата. Добрата варијанта ги поставува силите на позиција за идните операции и обезбедува флексибилност за соочување со непредвидените настани во текот на извршувањето. Таа исто така обезбедува максимален опсег за иницијативата на потчинетите.

4. **Анализа на правците на акција** - основна цел е да се идентификува со кој правец на акција ќе се изврши мисијата со минимални жртви, загуби во материјални ресурси и со најмали оптоварувања на луѓето и напрегање на техниката, а при тоа силите да се доведат во најдобри позиции од каде што може да ја задржат иницијативата за натамошните операции.

   Анализата на варијантите на дејство овозможува да:

- се одреди како максимално да се зголеми борбената моќ против непријателот, како да ги штитат сопствените и содејствувачките сили и како непредвидените жртви се сведат на минимум;
- имаат што е можно пореална претстава за борбите;
- ги предвидат настаните на бојното поле;
- ги дефинираат условите и ресурсите потребни за постигнување на успех;
- дефинираат кога и каде да ги применат способностите на сопствените сили;
- ја фокусираат разузнавачката подготовка на бојното поле врз непријателските предности, слабости, тежиштето, посакуваниот краен исход и решавачките точки;
- ги идентификуваат потребите за координација за да се добијат синхронизирани резултати;
- ја одредат најфлексибилната варијанта за дејство;

5. **Споредување на правци на акција** - со цел да се дојде до најповолната варијанта која нуди минимален ризик за персоналот, опремата и извршувањето на мисијата, овозможува најдобро поставување на позиција на силите за идните операции, обезбедува најдобра флексибилност за справување со „непознатото“ за време на изведувањето и максималниот опсег за иницијатива од страна на потчинетите, по развивањето на матриците за дејство за секој тек на дејство, се започнува со споредување на развиените варијанти за дејство.

6. **Одобрување на правец на акција** - по извршеното споредување на курсевите на акција се избира онаа варијанта на дејство за која се смета дека ќе биде најоптимална и има најголеми предности.
7. **Изготвување на наредба** - врз основа на одлуката и финалните инструкции, се комплетира планот и се врши подготовка за издавање на наредба. Избраниот правец на акција се претвара во јасен и концизен концепт на операции, шема на маневар и потребната огнена поддршка. Наредбите и плановите ги обезбедуваат сите неопходни информации кои им се потребни на потчинетите за извршување на мисијата, но без ограничувањата кои не се важни, а кои би ја спречиле самоиницијативата на потчинетите.[13]

   Концептот на операции претставува јасна и концизна изјава за тоа каде, кога и како ќе се концентрира борбената моќ за да ја изврши мисијата во согласност со намерата на претпоставениот. Концептот на операциите ги содржи дејствата во рамките на организацијата на бојното поле, одредувањето на главниот напор, планот на командантот за поразување на непријателот и специфичните односи за командување и подршка. Овие односи потоа се вклучуваат во организацијата на задачи и организацијата за борба во плановите и наредбите.

Предностите од употребата на процесот на донесување на воени одлуки по горенаведените точки и во целост се:

- анализа и споредување на повеќе пријателски и непријателски правци на акција со цел да се избере најдобриот правец на акција;
- се добива најголема интеграција, координација, и синхронизација за работа и го минимизира ризикот.
- резултира со детален план за работа;

Недостатокот од целосна употреба на процесот на донесување на воени одлуки е потребата од долг временски период за планирање.

---

[13] Ranger Handbook, Ranger Training Brigade United States Army Infantry School Fort Benning, Georgia July 2006

## 4. ОПЕРАТИВЕН ДИЗАЈН

Терминот оперативен дизајн се користи во вооружените сили во САД од 2005 година, а концептот е развиван од страна на САД и Израел од крајот на деведесеттите години од минатиот век па се до неговото имплементирање во пракса.

Новитет во доменот на планирање и во процесот на планирање е т.н. Оперативен дизајн. Оперативниот дизајн може да кажеме дека претставува методологија на планирање на комплексни и доста сложени операции преку согледување на врската помеѓу опкружувањето, проблемот и решението. Со други зборови кажано со оперативниот дизајн може да се визуелизираат мислите и идеите, а останатите може тоа да го видат односно се комуницира со луѓето ефикасно.

Лицето кое работи на оперативен дизајн постигнува загарантиран успех само доколку посвети големо внимание на пронаоѓање на вистинскиот проблем, потоа направи план и посвети одредено време како да планира. Во оперативниот дизајн секогаш се оди од општо кон посебно, а пред да се дефинира проблемот потребно е да се разбере и проучи опкружувањето. За да се олесни процесот може да се користаат повеќе концепти но мора да се води сметка сите да бидат подеднакво важни. Постојат повеќе концепти кои се користаат во дизајнирањето, а може да се напоменат: креативно мислење, метафора, наратив и цртеж[14].

Креативното мислење е изнаоѓање на нови идеи кои се поврзување на средината и проблемот за решавање на проблемот. Како пример за креативно мислење од военото планирање може да се напомене примерот со долго и упорно гледање во воената карта и на крај решението излегува повторно од картата.

Метафората се користи како алатка за подобро да се разбере оперативната средина. Со објаснувањето на примери со помош на метафора се учи подобро и се сфаќа на полесен начин. Според Аристотел користењето на добри метафори е знак на гениј.

Наративот како алатка на оперативниот дизајн ја објаснува врската помеѓу средината, проблемот и решението. Оваа врска се објаснува на слушателот (шефови и претпоставени) со точно одбрани зборови. Од друга гледна точка се врши убедување на слушателот во приказната и прифаќање на истата од негова страна. Во војска тоа значи

[14] Ѓорѓи Вељоски, Штит бр. 05, Јануари 2010

барање на одобрување на веќе определениот правец на акција. Затоа презентацијата на врската помеѓу средината,проблемот и решението мора да биде убедлива, се да биде кажано со малку и со одбрани зборови и да не се дозволи планот да падне. Секое паѓање на план значи ново планирање и губење на многу време од една страна, а од друга страна недоверба кај претпоставените во нашите планерски способности.

Цртежот или скицата е многу важна алатка во оперативниот дизајн. Скицата ни помага графички да може да го покажеме односот помеѓу средината, проблемот и решението. Секој човек сака визуелен приказ, затоа што подобра е перцепцијата и сфаќањето на тоа што се објаснува. Тоа е така затоа што човекот природно ги користи цртежите за изразување на своите чувства уште пред да знае да пишува. Сликите помагаат и го олеснуваат планирањето но и самото презентирање. Главната поента на оперативниот дизајн е да се објаснат комплексни проблеми и да се најде решение за истите со користење на логика.

Оперативниот дизајн го сочинуваат повеќе основни елементи и за време на планирањето мора сите тие елементи да се земат во предвид затоа што истите се надополнуваат. Тие се следниве: крајна цел, оперативно опкружување (состојба и услови), центар на гравитација, оперативен пристап, одлучувачки моменти, линии на операции и линии на напор, оперативен досег, темпо (брзина, ритам на операцијата), симултаност и длабочина, фаза и транзиција, кулминација и ризик (проценка на ризик за операцијата).

Крајната цел мора да биде позната во целост и јасна уште пред почетокот на планирањето, а доколку истата не е позната во целост употребата на сила е залудна и без резултат.

Оперативното опкружување е доста важно и мора да се земе во предвид. Доколку има потреба може и да се креира од наша страна, а мора и да се внимава на промените во истото. Во денешно време опкружувањето се менува многу брзо и затоа и ние треба да се прилагодиме на него или да го креираме.

Центар на гравитација е извор на моќ кај непријателот. Може да биде еден или повеќе. За нас е многу важно истите да ги детектираме и да ги уништиме. Со нивно

уништување се добива посакуваната победа и обратно со уништување на наш центар на гравитација непријателот добива предност на бојното поле.[15]

Оперативен пристап е начин на пронаоѓање на непријателски центар на гравитација. Може да биде директен со употреба на сила директно кон нивните главни сили и индиректен оперативен пристап за да се избегне главната сила.

Одлучувачки момент е настан, место или дејство што придонесува да се уништи непријателскиот центар на гравитација. Се препознава по тоа што секогаш е добро бранет од нивна страна. Задача на оперативниот дизајн е да ги одреди овие одлучувачки моменти.

Линии на операции и напор го опишуваат текот на операциите низ време и простор.

Оперативен досег претставува географската должина на теренот каде што силите може да се развиваат. Со овој чекор се добива крајната точка до каде што силите може да достигнат и дејствуваат во време и простор. Оперативниот досег зависи од можностите и капацитетите на единицата и ресурсите со кои располага. Затоа треба да се планираат и паузи во борбените дејствија за да може да се добие поголем оперативен досег.

Темпото претставува брзината и ритамот на изведување на борбените дејствија и е во тесна корелација со оперативниот досег и издржливоста на единицата. Тоа треба да биде одредено однапред за да доведе до пораз на непријателот. Ако се наметне форсирано темпо преку нашите капацитети може да доведе до пораз на сопствените сили.

Симултаност и длабочина на операциите во време и простор значи координирање и синхронизирање на сите единици со различни задачи. Најефикасен начин е дејство во непријателска длабочина и уништување на неговите капацитети уште пред да бидат употребени.

Фази и транзиција. Сите операции е најдобро доколку се поделат на фази. Со делбата на фази се олеснува координацијата и командувањето со силите. За да може да се преминува од една во друга фаза оперативниот дизајн има одредено кои цели треба да се исполнат во секоја фаза пред да се помине на наредна фаза и тоа се вика транзиција.

---

[15] Ѓорѓи Вељоски, Штит бр. 05, Јануари 2010

Кулминација е момент кога една единица го достигнала максимумот и веќе не може да извршува борбени дејствија. Со оперативниот дизајн треба да се одреди кулминацијата на секоја непријателска единица.

Ризик. Како последен чекор во оперативниот дизајн е проценката на ризикот која мора да се земе во предвид во процесот на планирање пред да се одреди курсот на акција.

Крајната цел на оперативниот дизајн е да се добие краен продукт во форма на наредба која ќе треба да биде одобрена од претпоставениот, а реализирана од потчинетите.

Оперативниот дизајн со сигурност ќе доминира во иднина во военото планирање, но мора да се направи и детална анализа на сите војни кои се случиле или ќе се случат за да се согледаат причинско – последичните зависности на дејствијата и настаните.

## 5. МЕТОДОЛОГИИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

Со развој на технологиите и менување на начините на војување, од фронтално кон асиметрично, напоредно се развива и наука која ги истражува начините на носење на одлуки. Министерството за одбрана на САД повеќе од 30 години за развој на моделите за носење на одлуки ангажира бројни специјалисти од полето на бихејвиористичките науки. Аналитичкото носење на одлуки, односно носење на одлуки врз база на факти бара: систематично генерирање на опции, идентификување на критериумите за евалуација на тие опции, доделување на тежини на секоја од опциите, рангирање и идентификување на најповолната опција. Носењето на одлуките со ваква споредба меѓу опциите со технички термин се нарекува „повеќеатрибутна анализа". Покрај мултиатрибутната анализа при носење на одлуки често се користи и таканаречената „одлучувачка анализа". Со оваа анализа одлуките се носат на начин сличен на играње шах, односно ситуацијата се анализира со поставување и одговарање на прашања и пресметување на веројатноста за точен одговор како и согледување на максималните и минималните ефекти од одредена одлука.[16]

Иако овие методологии активно се користат сепак истражувањата покажале дека тие често даваат разочарувачки резултати. Дури и кога има доволно време за носење на одлуки по овие методи сепак истите бараат доста работа и не се доволно флексибилни при брзо менување на состојбите. Речиси невозможно е воените планери да го земат во предвид секое можно сценарио при извршување на дејствија.

Во истражувањето спроведено во војската на САД во кое биле вклучени повеќе искусни командири при носење на борбени одлуки било заклучено дека најголемиот дел од одлуките се носат за време на екстремен притисок и стрес а повеќе од 85% од одлуките требало да се донесат за време помало од една минута. При носење на овие одлуки командирите ретко успевале да анализираат две или повеќе опции, односно делувале веднаш во согласност со личните убедувања.[17]

[16] Gary A. Klein, Strategies if Decision Making, May 1989 • MILITARY REVIEW
[17] Gary A. Klein, Strategies if Decision Making, May 1989 • MILITARY REVIEW

Поради ова се јавува потребата од поинаков приод кон носење на одлуките. Еден од ваквите поинакви приоди е носење на одлуки врз база на препознавање.

По анализа на 150 искусни воени лидери како и повеќе од 450 донесени одлуки од нивна страна војската на САД развива „типичен“ модел на носење одлуки. Успешноста на овој модел во голема мера зависи од искуството на носачот на одлуки но и покрај тоа тој не ја носи одлуката без претходно нејзино преиспитување, односно одлуката ја спроведува само доколку изгледа рационална и релевантна. Овој приод кон носење на одлуките во голема мера го скратува времето со брза елиминација на опциите кои искусниот лидер ги смета за невозможни или нелогични. На овој начин лидерот, потпирајќи се на своето искуство, генерира опција која со сигурност може да биде спроведена и го прескокнува целиот оној процес на евалуација и елиминација на повеќе опции. Англискиот назив на овој метод на носење одлуки е „Recognition – primed decision (RPD)“ или одлуки базирани на препознавање. Доколку се појават било какви недоследности или колебања во процесот на донесување на одлуки со оваа метода тогаш лидерот е во состојба да изврши брзо прилагодување на новонастанатата ситуација и да смисли следна типична реакција.

Во случаите на RPD мора да се нагласи дека лидерот не ја носи статистички најдобрата можна одлука за одредена ситуација туку ја пронаоѓа првата за која смета дека успешно може да се спроведе и да ги задоволи очекувањата. Во истражувањата било забележано дека често лидерот разгледува повеќе опции но не врши нивно споредување и евалуирање. Во одредени случаи може да се каже дека лидерите се потпираат на „интуиција“ при носење на одлуките заради што заземаат заштитнички став кон одлуката доколку се подлегнат на детални испрашувања. Сепак нема ништо интуитивно или мистериозно во процесот на носење на одлука со RPD методата. Таа едноставно е процес на препознавања на решенија базиран на лични искуства. Доколку одредена одлука не ги исполнува очекувањата, лидерот врши нејзино преиспитување на начин на којшто е разбрана ситуацијата. Истражувањата покажале дека дури и при нерутински инциденти, искусен лидер носи меѓу 50 и 80% од одлуките со методот на RPD притоа воопшто не разгледувајќи или споредувајќи повеќе опции. Во рамките на вкупното носење на одлуки се смета дека искусните лидери се потпираат на RPD методата повеќе од 90%. Истото

истражување спроведено кај помалку искусни лидери покажува дека тие во многу поголема мера внимателно и потемелно размислуваат за најдобрата опција.[18]

Во воените па и во комерцијалните организации одлуките често се носат тимски. Тимското носење на одлуки бара оправданост на одлуките и способност за решавање на конфликти. Заради ова се очекува при носење на тимски одлуки да се разгледуваат, споредуваат и евалуираат повеќе опции. Истражувањата спроведени во пет часовна сесија на штабен елемент каде се донесени 27 одлуки се покажало дека само една од нив е донесена со детални анализи и споредби на опции. Ова покажува дека дури и при тимска работа одлуките се носат со RPD. Всушност од резултатите од истражувањата можело да се заклучи дека целиот тим одлуките ги носи по процеси како да е индивидуалец.

Носењето на одлуки со препознавање – RPD во значителна мера се разликува од аналитичкиот модел на носење одлуки. Главните разлики се:

- RPD се концентрира на задоволување на решенијата додека во фокус на аналитичкиот модел е оптимализацијата;
- Во основа на RPD моделот е дека искусен лидер генерира исправни одлуки додека во аналитичкиот модел во голема мера се игнорира искуството и одлуките се носат со аналитички алатки;
- Со RPD моделот одлуките се носат преку препознавање на ситуацијата или сличности со одредена ситуација додека со методот на анализа се врши споредување на повеќе решенија и евалуација за бирање на најдоброто;
- Со RPD моделот одлуките се носат имајќи ги во предвид можните понатамошни дејства додека со аналитичките модели се разгледуваат сет на конечни сценарија;
- За одлуки донесени со RPD моделот потребно е многу пократко време додека со аналитичките модели времето е продолжено заради потребите од вршење на споредби, евалуации и бирање на најдоброто решение.

Од самите разлики меѓу двата најчесто користени модели на носење одлуки може и да се определат јаките и слабите страни на секој од нив. RPD е корисен кога се работи за искусен персонал под временски притисок како и во случаи кога имаме брза промена на

---

[18] Gary A. Klein, Strategies if Decision Making, May 1989 • MILITARY REVIEW

ситуацијата. Аналитичкиот модел пак е корисен кога станува збор за помаку искусен персонал или персонал кој се соочува со суштински нови предизвици. Исто така овој метод е поповолен кога е потребно да се решаваат конфликтни ситуации при тимско носење на одлуки или ако се бара најоптималното решение и се разбира ако имаме доволно време на располагање. Во литературата, доктрините и формалните упатства за раководење и командување повеќе може да се сретне аналитичкиот модел на носење одлуки отколку RPD.

И покрај тоа што истражувањата покажуваат дека лидерите најчесто носат одлуки по RPD моделот сепак во формалната едукација за лидерство се изучува аналитичкиот модел на носење одлуки. Ова е така затоа што најголем дел научниците сметаат дека човекот е склон кон предрасуди кои може да го донесат до грешни одлуки, а аналитичкиот модел има алатки со кои се елиминира влијанието на предрасудите. Може да се каже дека аналитичкиот модел го игнорира искуството и се обидува да го квантифицира секој аспект во процесот на донесување одлука. Квантифицирањето на "неопипливите" големини како: моралот, изнемоштеноста, уморот, конфигурацијата на теренот и друго само по себе може да го однесе процесот на носење одлука во погрешна насока, а персоналот да не го увиди тоа. Со други зборови алатките кои се користат при аналитичкото носење на одлуки може да ги попречат или фрустрираат перформансите на искусниот лидер. [19]

---

[19] Gary A. Klein, Strategies if Decision Making, May 1989 • MILITARY REVIEW

# III РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО ПОДДРШКА НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ОПЕРАЦИИ

# 1. ОПШТО ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ

Прибирањето на податоци за намерите на другите земји односно за нивните активности, за воениот потенцијал, вооружувањето било интересно уште од најстари времиња. Сите тие активности се препознаваат во еден збор а тоа е *разузнавање*. Денес разузнавањето е навлезено во сите пори на едно модерно општество: наука и истражување, политика, воен потенцијал но малку поразличен од претходно, економија и сл. Во модерните општества разузнавањето ги дава основните насоки во управувањето со една држава, ги дава основните насоки во надворешната политика, ја обезбедува стратегиската предност пред останатите држави доколку една држава прва располага со точни и навремени информации. Слободно може да кажеме за една влада дека е моќна доколку има моќна разузнавачка инфраструктура и доколку е чекор пред останатите. Во овој поглед се елиминира разликата на големи и мали држави односно богати и сиромашни држави. Ова е време на информации т.е. моќта е во информацијата. За сето ова да се задоволи потребно е да имаме одлични и крајно професионални разузнавачки служби, а тоа значи да бидат изземени од политичко влијание, а нивниот персонал да биде внимателно селектиран и посветен на својата татковина. Квалитетниот персонал ќе придонесе за квалитетни информации кои ќе се искористат за зачувување на националната безбедност. Дел од тие информации ќе бидат почетен импулс за спроведување на специјални операции. Тука доаѓа до израз тежината на една разузнавачка информација, нејзината точност и доверливоста на изворот што ја дал таа информација, како и нејзината квалитетна обработка. Следно што е многу важно е класификацијата на информацијата со степен на тајност и доследно спроведување на принципот “потребно е да знае„ и професионално доставување на информацијата до крајните корисници.

## 2. ДЕФИНИЦИИ И ЦЕЛИ НА РАЗУЗНАВАЊЕТО

Разузнавањето е дефинирано како продукт од собрани, проценувани, анализирани, интегрирани и интерпретирани расположливи информации, кои се однесуваат на една или повеќе страни, науки или области на делување што претставува потенцијал на военото планирање и дејствување.[20]

Разузнавањето претставува организирана активност на општествена група, движење, партија и дел од државниот апарат, насочена кон прибирање тајни податоци и информации од потенцијален или актуелен противник од воен, политички, економски и културен карактер, со цел реализирање на сопствените витални интереси[21].

Голем број теоретичари стојат зад дефинирањето на разузнавањето како „продукт на собирање, проценување, анализирање, интегрирање и толкување (прилагодување на потребите) на сите корисни информации со цел проценување на еден или повеќе аспекти во областите на дејствувањето, кои се неопходно или потенцијално значајни за планирањето[22].

Ако одредени настани се случуваат надвор од земјата, а се сврзани со намерите, целите, активностите и однесувањето на другите земји, тогаш може да се каже дека обезбедувањето информации за овие настани претставува Разузнавање.[23]

Според мене за дефинирање на разузнавањето може да се каже следново: Разузнавањето претставува намерно и планско собирање на најразлични информации во други земји се со цел да ни даде одредена предност во одредена област.

[20] Митко Котовчевски, Современи Рз служби, Македонска цивилизација, 2002,
[21] Томе Батковски, Разузнавачка, безбедносна, Контраразузнавачка тактика, 2008,
[22] Jeffrey T.Richelson „The U.S. Intelligence Community“, 1989
[23] Алекса Стаменковски „Основи на Разузнавањето“ 1999

# 3. РАЗУЗНАВАЧКИ ЦИКЛУС

Во ова поглавје ќе го објаснам разузнавачкиот циклус и тоа на општ (школски) пример, а потоа и на конкретни примери и тоа: разузнавачки циклус користен во Република Македонија, во Соединетите Американски Држави и во Нов Зеланд. Овие држави се одбрани за да се направи една паралела на разузнавачкиот циклус кај нас со разузнавачкиот циклус во САД како најмоќна држава во Светот со најразвиена разузнавачка заедница и од друга страна со разузнавачкиот циклус на Нов Зеланд затоа што тој е карактеристичен самиот по себе бидејки има една фаза повеќе од сите останати.

Разузнавањето во денешно време е неопходна алка од нормалното функционирање на едно модерно и современо општество. Меѓутоа мора да се знае дека патот до доаѓање до финална разузанавачка информација односно производ, воопшто не е едноставен. Тоа значи дека секој разузнавачки податок добиен како суров производ не може да се користи како таков т.е. мора да биде обработен, а тоа значи дека мора да помине низ разузнавачкиот циклус.

Разузнавачкиот циклус е динамичен и претставува цикличен процес кој никогаш не престанува, а тоа значи дека крајот на еден циклус воедно претставува почеток на следен циклус. Планирањето и давањето на насоки за разузнавањето се почетокот, а потоа следат оперативата т.е. собирањето на податоците и нивната обработка од кои се добива финалниот производ кој како таков се доставува до крајниот корисник, а тоа може да биде: владата, министерство за одбрана, за внатрешни работи, за надворешни, државен и политички врв или било кој ресор кој е тангиран од самиот податок. При извршувањето на разузнавачките работи, разузнавачкиот циклус ни овозможува да се согледаат и разберат сите активности кои мора да се извршат во разузнавачкиот процес. Самиот циклус на разузнавање опфаќа неколку фази, а тоа се следниве:

- Планирање и насочување
- Собирање на податоци
- Обработка на истите и нивно користење
- Производство и

- Доставување

Во разузнавачката литература и пракса постојат повеќе модели на разузнавачки циклуси и истите меѓусебно се разликуваат во одредени детали, а од друга гледна точка сепак се сведуваат на исто. За пример ќе земеме: еден општ разузнавачки циклус од литературата достапна за читателите во Р. Македонија (Основи на разузнавањето од д-р Алекса Стаменковски), разузнавачкиот циклус користен од Воената Служба за безбедност и разузнавање ВСБиР при Министерството за Одбрана во Р. Македонија, разузнавачкиот циклус користен во Армијата на САД, разузнавачкиот циклус користен во Нов Зеланд и сл.

1. Планирање и насочување

Оваа фаза е прва од разузнавачкиот циклус и една од најважните затоа што тука се поставуваат темелите на целата активност која што следува, односно тука се одредуваат приоритетните барања за разузнавачките информации, а кои произлегуваат од потребите за носителите на одлуки, односно најголемите авторитети во државата: Претседателот, Владата, Министерството за надворешни работи, Советот за национална безбедност и т.н. По дефинирањето на приоритетните разузнавачки информации се преминува на изработка на план за собирање на истите, се одредуваат основните елементи кои мора да бидат содржани во истите . Следен чекор кој се превзема во оваа фаза е самото одредување на персоналот кој ќе го врши истражувањето, средствата за комуникација кои ќе се користат, како и средствата за поддршка во самата операција. На крај од оваа фаза се преминува на издавање на конкретни задачи на секој поединец.

2. Собирање на податоци

Во оваа фаза се почнува со самиот процес на собирање на разузнавачките податоци и информации, а истите се обезбедуваат по оперативен пат и навремено се проследуваат за понатамошна обработка. Тука е важно барањата за разузнавачки податоци од претходната фаза да се претворат во барања за собирање на разузнавачки податоци. Воедно се

утврдуваат задачите, се координира со истите и се издаваат нови задачи доколку е тоа потребно. Раководењето со собирањето на разузнавачки податоци треба да обезбеди максимален ефект во рамките на лимититаните средства.

При раководење со процесот на собирање разузнавачки информации се остваруваат следниве чекори: идентификување на барањата, одредувањето на приоритети и одредувањето на задачи на персоналот кој ќе работи на собирање на информациите.

Процесот на планирање на собирање разузнавачки информации претставува континуиран процес со кој се координираат сите активности на сите учесници во разузнавањето. За да има ефикасност се формираат регистри на добиени информации. На крај откако ќе се соберат податоците и доколку ги задоволуваат барањата истите се даваат на понатамошна обработка, а доколку не ги задоволуваат барањата се даваат дополнителни барања за нивно понатамашно комлетирање. Кога ќе бидат комплетирани во целост се доставуваат на обработка.

3. Обработка на податоци и користење на истите

Собраните разузнавачки податоци преку процесот на собирање во оваа фаза мора да се обработат за да може да се користат од страна на аналитичарите, кои од нив треба да направат завршни разузнавачки производи. Собраните податоци по нивната обработка треба да бидат претставени во форма на графици, цртежи, пишани материјали, фотографии, видеозаписи, компјутерски записи и т.н.

4. Производство

Производството како фаза од разузнавачкиот циклус претставува процес во кој разузнавачките податоци и информации добиени во претходните фази се интегираат, се проценуваат, се врши нивна анализа за на крај да се претвораат во завршни разузнавачки производи кои ќе може да се користат како такви. Крајните разузнавачки производи може да бидат:

-општи, а тоа значи дека овие податоци во себе содржат релевантни податоци од повеќе аспекти како што се економски, политички, воени и социјални за странските земји кои се од интерес за земјата организатор на разузнавачкиот процес.

-предупредувачки разузнавачки производи се оние кои укажуваат односно предупредуваат на некоја непријателска активност.

-посакувани информации се обезбдуваат со анализа на сите извори на собирање на податоци со една цел да се задоволат основните барања на корисниците за да можат да ги остварат своите оперативни активност.

-научно-технички разузнавачки производи се оние со кои се известува за последните достигнувања во науката и техниката во сферата на модерното вооружување во странските земји од интерес. Со овие информации се согледуваат предностите на вооружените сили, слабите страни, ограничувањата, ефикасноста, истражувањето и развојот и податоци поврзани со нивното производство.

5. Доставување

Доставувањето како последна фаза од разузнавачкиот циклус значи доставување на разузнавачките производи на крајните корисници во форма која е разбирлива за нив и навремено со цел крајните корисници да имаат доволно време да се подготват и да донесат правилна и благовремена одлука. Доставувањето на разузнавачките информации и производи до корисниците може да се врши на повеќе начини а како најпознати ќе ги спомeнеме:

-лични контакти – вообичаено лични контакти се остваруваат помеѓу раководителите на тајните служби со државниот и воениот врв односно нивно брифирање.

-физичко доставување на разузнавачки информации и податоци во пишана форма, електронски записи, дискови, видео материјали, факс пораки, извештаи и тн.

-компјутерска база на разузнавачки податоци.

## <u>РАЗУЗНАВАЧКИ ЦИКЛУС ВО САД – ЦИА</u>

Кога е зададен конкретен проект, следи процес од пет чекори наречен

разузнавачки циклус. Овој процес обезбедува да се заврши работата правилно работејќи низ систем на проверки и баланс. Да го разгледаме внимателно секој чекор:

• Планирање и насочување
• Собирање
• Обработка
• Анализа и производство
• Доставување

1.Планирање и Насочување

Кога е зададена задача, со специфична работа, се започнува планирање на она што ќе се прави и како. Се дискутира на какви се начини може да се соберат потребните информации.

2.Собирање

Информациите може да се собираат отворено и прикриено (тајно). Читање странски весници и списанија, статии, слушање на странско радио и гледање странски телевизиски емитувања, се примери на "отворени" извори. Други извори на информации може да бидат "тајни" или прикриени, како што се информациите собрани со слушање уреди и скриени камери. Исто така може да се користи дури и современа технологија како сателитска фотографија. На пример, некои аналитичари, можеле да видат колку всушност авиони се присутни во странска воена база со разгледување на слика од сателит.

3.Обработка

Во оваа фаза се преземаат сите информации што се собрано и се ставаат во еден разузнавачки извештај. Оваа информација може да биде нешто од еден преведен документ до опис на сателитска слика.

4.Анализи и производство

Во текот на овој чекор, се доаѓа поблиску до сите информации и се утврдува како тие сите се вклопуваат заедно, додека се концентрираме на одговарањето на барањата на првичната задача. Се врши оценување што се случува, зошто се случува, она што може да се случи следно, и како тоа влијае на нашите интереси.

5.Доставување

Во овој последен чекор, се дава писмена конечна анализа на истиот оној кој го започна циклусот. По читањето на последната анализа и дознавањето на одговорот на оригиналното прашање, креаторот на политиката може да се врати со повеќе прашања. Тогаш целиот процес започнува одново.

Традиционалниот разузнавачки циклус е концепт кој го опишува основниот разузнавачки циклус на обработка во цивилна или воена разузнавачка агенција или во спроведување на законот по затворен пат кој се состои од повторување на одредени чекори. Фазите на разузнавачкиот циклусот го вклучуваат издавањето на барањата од страна на носителите на одлуки, за собирање, обработка, анализа и објавување на информацијата. Кругот е завршен кога носителите на одлуки ќе обезбедат повратни информации и ревидирани барања.

**<u>РАЗУЗНАВАЧКИ ЦИКЛУС ВО НОВ ЗЕЛАНД</u>**

Разузнавачкиот циклус на разузнавачките служби во Нов Зеланд е карактеристичен самиот по себе затоа што за разлика од останатите има една фаза односно еден чекор повеќе од останатите.

Безбедносната разузнавачка служба на Нов Зеланд во водењето истраги, собирањето на информации, нивно оценување и известување до Владата следи одреден процес кој може да се илустрира на следниов начин:

1. Идентификување на закани

Првата фаза од циклусот е идентификација на потенцијална закана. Закани за безбедноста, би можеле да произлезат од:

• долгорочни околности (како на пример присуството во Нов Зеланд на странски разузнавачки офицери работејќи под некој вид на прикриена форма),или
• краткорочни околности (на пример, посета на Нов Зеланд од некој за кој се мисли дека извршува терористички активности).

Пред службата да преземе активности за испитување на потенцијална опасност, мора јасно да биде разбрано тоа од што се состои таа закана, така што секоја истрага е соодветно и ефикасно насочена.

2. Поставување на цели

Како и другите министерства, така и NZSIS има Изјава за намери (Soi). Во случај на службата, заради природата на својата работа, ова е класифициран документ кој не е јавно достапен. Soi ги поставува целите на службата на пошироко ниво. Деталното соопштение на Службата за безбедност на разузнавачки цели се подготвува, исто така, на годишно ниво. За Soi и целите се разговара со премиерот и со Комитетот за разузнавање и безбедност на Парламентот, кога:

• се дадени буџетски проценки на службата, и
• Комитетот за разузнавање и безбедност го содржи својот годишен преглед за ефикасноста и расходите на службата

Целите истакнуваат конкретни прашања кои треба да бидат одговорени пред заканата да може точно да се процени. Откако бараната информација е идентификувана, следи работата на службата за собирање на информации за да се обезбеди она што е потребно.

3. Собирање на информации

Информации доаѓаат од различни места. Некои се достапни од отворени или официјални извори, како од интернет, јавна евиденција и официјални документи. Некои се

обезбедени од страна на членовите на јавноста кои или имаат пристап до службата или и самите се приближуваат со барање за помош. Организациите за безбедност и разузнавање во странство или другите организации во Нов Зеланд, може да обезбедат водачи, а другите се добиени од разузнавачките операции кои ги насочува службата, вклучувајќи ги и оние кои користат тајни методи на собирање.

Тајни методи на собирање

Тајни методи за прибирање на информации (на пример, надзор, следење на комуникации и операции користејќи прикриени агенти) се користат кога потребните информации се од големо значење и не постојат други средства за добивање на истите. Таквите околности може да се појават кога организации или поединци работат со подземни начини за да ги постигнат своите цели. Се бара налог кога следењето на комуникациите е потребно.

4. Истрага и анализа на информации

Собираните информации обично доаѓаат во службата како сурови податоци. Тие се добиени од инспекторите, кои ги проценуваат нивните вредности и значење. Поединечните делови на информациите често не се веднаш корисни сами за себеси, но придонесуваат кон градење на појасна целокупна слика. Истражувачите ги проценуваат сите информации кои се на располагање и блиско соработуваат со собирачите на истите за да се утврди што друго е потребно за напредок и решавање на случајот.

5. Оценување и известување на информациите

Проценките на службата се пренесуваат до министрите и владините служби. Тие може да предупредат на специфични закани, или генерално да им помогнат на креаторите на политиката во области каде што се занимаваат со безбедносни прашања кои треба да се разгледуваат.

6. Преиспитување на заканите

Сите области на истрагата се преиспитуваат редовно со цел да се добијат најдобрите разузнавачки информации на располагање. Преиспитувањето може да потврди една закана и да им овозможи повеќе специфични цели за релевантните информации. Од друга страна, тоа би можело да покаже дека веќе не постои закана, и дека средствата може да се пренасочат кон повеќе значајни цели.

# 4. РАЗУЗНАВАЧКИ ДИСЦИПЛИНИ И НАЧИНИ НА РАЗУЗНАВАЊЕ

За да се добие разузнавачки производ треба секое сознание да помине низ неколку фази. Една од тие фази се и разузнавачките дисциплини. Најпрво сознанието или информацијата треба да се детектира. Детектирањето го вршиме со една од разузнавачките дисциплини кои всушност претставуваат начини со чија помош се детектираат и собираат сознанија и информации кои пак подоцна преку стандардни оперативни процедури преминуваат во финален производ. Сите разузнавачки дисциплини кои ќе бидат наведени подолу обезбедуваат поголема сигурност, точност и прецизност во решавањето на разузнавачките побарувања. Во денешно време секоја држава односно секоја разузнавачка организација користи такви разузнавачки дисциплини во зависност од своите можности односно во зависност од сопствениот буџет.

**HUMINT – Human Intellegence, „Човечко разузнавање“**

Оваа разузнавачка дисциплина е една од најстарите и најкористените за собирање информации. Овде човекот се јавува и како собирач и како извор на информации. Хуминт дисциплината покрај информациите за состојбата на опкружувањето, може да даде корисни информации и за способностите и целите на непријателот, како и за индикаторите за кои понатамошното собирање на информации е неопходно. Разузнавачките податоци и информации собрани од човечки извори (ХУМИНТ) се обработуваат на тој начин што од нив се пишуваат извештаи. Извештаите ги пишуваат лицата кои ги собираат истите (оперативците).

**SIGINT – Signal Intellegence, „Сигнално разузнавање“**

Разузнавањето со користење на сигналите од електронските уреди, кои се користат како средства за комуникација, претставува продукт од пресретнување и експлоатација на надворешните електромагнетни емисии. Сигинт-от пак се состои од три вида на

разузнавање, Комуникациско разузнавање (COMINT), Електронско разузнавање (ELINT), и Разузнавање на сигнали од надворешни инструменти (FISINT). Разузнавачките податоци и информации собрани со таканареченото сигнално разузнавање (СИГИНТ) односно информации собрани од разузнавањето на електронските комуникации на странските земји исто така треба да се претворат во погодни за нивно понатамашно користење.

**IMINT – Imagery Intellegence, „Разузнавање со помош на слики"**

Разузнавањето со помош на слики, фотографии, аерофотографии, албуми, филмови, проектирање на мапи и карти и користење на разни оптички уреди, претставува делокруг на разузнавачката дисциплина ИМИНТ. Камерите на авионите или сателитите можат да собираат информации за областите кои се исто така непристапни. Тие се користени за изработка на топографски карти, за обележување на одреден простор, планински, низински и за експлоатација на природни добра.

За да се направи добра проценка и воениот врв да донесе правилна одлука каде ке бидат испратени воените сили, многу е важно да се знае пристапноста не теренот, односно проодноста, густина на шумата, вид на вегетација, квалитет на патишта, состав на земјиште и друго. Фотографијата и снимката претставуваат непроменлив запис на деталите од полето на разгледување преку сензорот кој обезбедува објективно издание на целта преку сликовно издание, без разлика што објектот на извидување може да биде многу далеку. И на крај разузнавачките податоци и информации собрани со сликовито разузнавање (ИМИНТ) значи обезбедување и архивирање на копии од дигитални фотографии и сигнали во форма која би била погодна за подоцнежно користење. Сликата е непристрасна и репродуктивна и може да биде изучувана и проучувана за разни цели и од разни корисници.

**MASINT – Measurement and Signature Intellegence, „Разузнавање со мерење и забележување"**

Разузнавање со мерење и забележување е технички добиено разузнавање со лоцирање, идентификување, утврдување, откривање и опишување на динамични и фиксирани извори на цели. Разузнавачките податоци и информации собрани со мерење и

забележување значи нивно претворање во сакани разузнавачки информации означени по место и време на настанување.

**OSINT – Open Source Intellegence, „Разузнавање од отворени извори“**

Разузнавање од отворени извори може да се карактеризира како отворено користење на информации, кои имаат лимитиран јавен пристап. По појавувањето на интернетот разузнавањето од отворени извори зема голем замав. Но информациите кои се извлекуваат од отворените извори треба добро да се обработат, анализираат и потврдат затоа што постои веројатност одредени структури да пласираат искривени и лажни информации[24]. Разузнавачките податоци и информации собрани од отворени извори (ОСИНТ) се обработуваат на тој начин што се врши нивно преведување, изработка на текстови, графици, телевизиски информации во форма која ќе биде најпогодна за нивно користење.

## НАЧИНИ НА РАЗУЗНАВАЊЕ

### 1. Оперативно Разузнавање

Оперативното разузнавање се врши со непосредно прибирање на податоци и информации надвор од државата, во прв ред со креирање на тајна соработничка мрежа. Тајната соработничка мрежа во текот на својата работа користи еден од наважните принципи а тоа е длабоката конспиративност, и во прв план строго е насочена кон собирање податоци кои се од интерес за одбраната и безбедноста на земјата. Зависно од моќноста на разузнавачката организација, собирањето на податоци се насочува и кон други полиња а кои се од интерес за сопствената држава.

Тајната разузнавачка соработничка мрежа се состои од информатори, агенти и агентурни врски.

**а) Информатор**

*Информатор* е лице кое на разузнавачката организација и дава информации од доверлив карактер и чиј идентитет е заштитен од јавно откривање. Информаторот

---

[24] М.Дојчиновски, Ф.Оџаков, Разузнавачки операции,2010

остварува тајна соработка со агентот од најразлични причини, на доброволна основа, остварување материјална корист, од патриотизам, конкурентски побуди, одмазда и многу други причини.

**б) Агент**

*Агент* е лице од земјата или странство кое континуирано, организирано, свесно и тајно прибира разузнавачки податоци и информации. Како што претходно беше напоменето дека основниот принцип во разузнавањето е длабоката конспиративност односно тајност, овие лица се викаат и тајни агенти.

Според класификацијата на повеќето разузнавачки организациии агентите се делеле на: главен агент (резидент), општ, врзник, подагент, врбувач, повремен информатор, извидувач, радиотелеграфист и курир, конзервиран (заспан), агент двојник, агент база.

*Агент резидент* е лице кое е оспособен, обучен и целосно проверен. ова лице ги има сите овластувања да држи во врски еден или повеќе агенти, да прима информации и податоци од нив, да им дава задачи и насоки за работа но и да им дава награди т.е да ги исплаќа после добро завршена работа.

*Агент двојник* е лице странски државјанин, и е агент на повеќе разузнавачки служби.

*Агент база* е лице кое обезбедува услови за прифаќање, сместување, престој и работа на еден или повеќе агенти во странство, се грижи за нивната безбедност и создава услови за работа[25].

**в) Агентурна врска**

*Агентурна врска* исто како и агентот е лице од земјата или странство кое континуирано, организирано, свесно и тајно прибира разузнавачки податоци и информации. Разликата помеѓу агентот и агентурната врска е тоа што агентурната врска не ги обезбедува податоците како обврска константно туку соработката со нив трае се додека се има интерес, односно се додека агентурната врска има можност за соработка, кога лицето нема да биде во можност таа се прекинува.

---

[25] Основи на разузнавањето, д-р Алекса Стаменковски

Агентурната врска своите контакти ги остварува со воспоставување непосредни комуникации со широк круг на личности од најразлични професии (воени претставници, дипломатски кор, новинари, инжинери, доктори, бизнисмени, лица на високи државни позиции и др.)[26].

**2. Електронско разузнавање**

Електронското разузнавање подразбира користење на средства за откривање, лоцирање, идентификување и анализирање на на електронските зрачења на електронските средства и другите технички средства со што се добиваат податоци кои се од интерес за безбедноста и одбраната на земјата.

Средствата за електронското разузнавање се користат од земја, од вода и од воздух не само за контрола на електромагнетниот спектрум туку и за прекинување на работењето на непријателски трансмисии преку радиопопречување на различни начини.

Постојат два вида електронско разузнавање, оперативно електронско разузнавање и техничко електронско разузнавање. Оперативното електронско разузнавање ги обработува воведувањето, распоредувањето, движењето, користењето, тактиката идруги карактеристики на надворешни некомуникациски емитувачи и нивни поврзани системи. Техничкото електронско разузнавање е процес кој ги пресретнува и анализира информациите со цел одредување на видот на емитерот, неговата функција, способноста, осетливоста и техничките карактеристики.

[26] Основи на разузнавањето, д-р Алекса Стаменковски

# IV СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ – СВЕТСКИ ПРАКТИКИ

## 1. НАПАДОТ НА СОН ТАИ

Во 1970 година по завршувањето на Виетнамската војна САД сеуште имале околу 500 припадници на америчката војска кои што се уште биле заробеници во воените кампови во Северен Виетнам. Во дневните разузнавачки извештаи кои се добивале се информирало за ужасните услови во кои војниците биле подложни на тортура, изолација, недостаток на медицинска грижа и соодветна исхрана. Извештаите исто така посочувале дека воените заробеници постојано умирале во затворите.

Овој проблем се претворил во емотивно прашање на пријателите и семејствата на заробените, поради кое владата на САД била под огромен притисок за решавање на ситуацијата[27].

Во пролетта, 1969 година во добиените разузнавачки извештаи е наведено дека има огромен камп на воени заробеници во близина на Сон Тај, Северен Виетнам.

Добивањето на оваа информација била преку организирање на затворениците да пренесат порака. Тие успеале да известат на тој начин што се организирале со начинот на сушење на нивните алишта по одреден шаблон, надевајќи се дека нивните пораки ќе бидат прочитани при анализата на аеро-фото снимките на теренот.

Американските аналитичари утврдуваат дека во кампот има воени заробеници кои бараат помош. По неколку месечно разгледување од страна на клучните службени лица во Пентагон и Белата куќа е утврдено дека војската треба да започне со подготовките за можна спасувачка операција на воените затвореници во Сон Тау. Планирањето на операцијата „Главен убод“ започнува на 8-ми август 1970 година[28].

Огромен напор се посвети во планирањето како и обуката за решавање на итни случаеви и непредвидливи проблеми, операцијата „Главен убод“ доби највисок приоритет, бригадниот генерал Лиреј Манор беше назначен за одговорен, а додека за негов заменик беше одреден полковник Артур Симонс. Двајцата важеле за „педантни“ планери и

[27] Manor, LeRoy J. "The Son Tay Raid." Air Commandos Association. Online, MSN. June 1998. Available//home.earthlink.net/'aircommando/sontayral.htm
[28] Schemmer, Benjamin F. The Raid. New York: Avon Books, 1976.

искусни во реализирањето на специјалните операции. Најважно е што и двајцата имаат значително искуство во планирањето и реализирањето на специјалните операции во Виетнам[29].

На Манор и Симонс им беа дадени целосна слобода да ја планираат мисијата, практично без никакво мешање од надвор, што во тој период беше несфатливо. Манор објаснува: „Ова беше единствената ситуација во триесет и шест години војничка кариера каде што имав целосна надлежност да ја планирам и спроведам мисијата без никакви ограничувања"[30]. Ова им овозможи лично да го изберат персоналот за учество во мисија, така што успеаа да одберат волонтери со борбено и летачко воено искуство стекнато во Виетнам[31].

Во групата беа вклучени сите можни расположливи средства. Добија неограничен пристап до најсофистицираните разузнавачки извори кои САД во тој период ги имаше, вклучувајќи ги и Националната агенција за безбедност (National security agency - NSA), Централната разузнавачка агенција (Central intelligance agency - CIA), Националната агенција за извидување (National reconnaissance agency - NRA) и Стратегиската воена команда (Strategic air command - SAC). Овие разузнавачки агенции требаше на планерите да им овозможат детални и прецизни слики и анализа на областа во која се наоѓа целта[32].

Планерите, исто така, има способност и овластување да издадат задача на стратегиската воздушна команда за прелети на целта со авиони со далечинско пилотирање, како и со SR71 „црна птица" шпионски авиони. Користејќи ги овие информации на целта , ЦИА изгради реплика на затворот и неговото опкружување во воздухопловната база на Флорида.

После шест месеци подготовки и извежбувања во кои беа предвидени и најситните детали и проблеми кои можат да се јават во текот на реализацијата на операцијата на 21.11.1970 година конечно се реализираше. Започна во 23:00 часот со полетување на хеликоптерите од Тајланд кои се до пристигнувањето во Сон Тау немале некаков посериозен инцидент. По пристигнувањето транспортниот авион Ц-130 започна со

---

29 Walker, Greg. At Hurricanes Eve. New York: Ivy Books, 1994.
30 Vandenbroucke, Lucien. Perilous Options: Special Operations as an Instrument ofU.S. Foreign Policy. New York: Oxford University Press, 1993.
31 Garret, Richard. The Raiders. London: David and Charles, 1980
32 Schemmer, Benjamin F. The Raid. New York: Avon Books, 1976.

осветлување на целите, кој по грешка ги насочил кон средното училиште наместо кон затворот. По извршената консолидација хеликоптерите се насочиле кон затворот, каде по слетувањето без никакви проблеми, припадниците на специјалните единици успеале за десетина минути да ликвидираат 55 виетнамски војници без да имаат загуба во сопствените редови. За време на престрелките користат мегафон за да ги предупредат воените затвореници за она што се случува со следните зборови: „Ние сме Американци. Ова е спасување. Ние сме тука да ве извлечеме. Легнете на подот. Ние ќе бидеме во вашите ќелии за една минута“[33].

За жал, беше откриено дека немало затвореници лоцирани во објектите. Веднаш се реализираше обезбедување околу објектите  и се изврши повикување на тимот за извлекување.

Десет минути по нападот на Симонс бил свесен дека нема никакви воени затвореници. Тој наредил да се започне повлекување од локацијата, но за секој случај уште еднаш да се провери теренот за да бидат апсолутно сигурни дека нема никој таму.

По само 26 минути од слетувањето хеликоптерите беа повторно во воздух со целокупните тимови, без повредени, но и без воените затвореници. Сите хеликоптери и авиони, се вратиле назад во Тајланд, освен еден Ф-105 кој бил соборен од страна на виетнамската војска со проектил СА-2. Екипажот се исфрлил од авионот, а подоцна биле превземени од еден од хеликоптерите[34].

Дали Операција „главен удар“ го постигна посакуваниот успех?

Можеме да ги кажеме следните позитивни страни од операцијата:

- нападот на САД покажа решителност и посветеност,
- Претседателот Никсон бил под огромен притисок од страна на Конгресот и на семејствата на воените заробеници да "направи нешто". Рацијата се оствари оваа цел,

---

[33] Schemmer, Benjamin F. The Raid. New York: Avon Books, 1976.

[34] Manor, LeRoy J. "The Son Tay Raid." Air Commandos Association. Online, MSN. June 1998. Available//home.earthlink.net/'aircommando/sontayral.htm

- исплашен од можноста за повторни напади Виетнам почна консолидирање на сите воени затвореници во една голем камп во Ханој. Оваа акција по себе го подобри третманот и условите на воени затвореници,
- Меѓународните организации како што се Црвениот крст добија можност подобро да го следат бројот на воени затвореници и нивниот третман,
- нападот беше голем морален поттик за воените затвореници и нивните семејствата со овој обид за спасување. Воените затвореници и семејствата сфатија дека Американската влада не заборавила за нив и е подготвена да оди во екстремни граници за да ги спаси[35].
- Авторот би рекол решително „да" на стратешки успех на операцијата.

Негативна страна во целокупната операција иако хируршки прецизно изведена претставуваше неприсуството на воените заробеници, односно недостигот на навремено точни разузнавачки податоци.

[35] Manor, LeRoy J. "The Son Tay Raid." Air Commandos Association. Online, MSN. June 1998. Available//home.earthlink.net/'aircommando/sontayral.htm

## 2. ЗАЛОЖНИЧКАТА КРИЗА ВО ДУБРОВКА

Московската театарска заложничка криза беше спектакуларен медиумски настан, кој предизвика домашни и меѓународни дебати во однос на соодветноста на руското решение на проблемот. Таа беше завземање на преполниот театар Дубровка на 23 октомври 2002 година од 40 до 50 вооружени Чеченци кои тврдеа дека се дел од исламистичко милитантно сепаратистичко движење во Чеченија[36]. Тие зедоа 850 заложници и побараа повлекување на руските сили од Чеченија и крај на Втората чеченска војна. Опсадата била официјално предводена од Мовсар Барајев.

Театарот и заложниците беа завземени на 23 октомври во Домот на култура во Дубровка на околу четири километри југо-источно од Москва[37]. Во текот на вториот акт од изведбата на Норд-Ост после 21:00 часот, 40-50 силно вооружени и маскирани мажи и жени пристигнале со автобус во театарот и влегле во главната сала вооружени со автоматски пушки, при што почнале да пукаат во воздух[38].

Облечени во црни униформи Чеченците заробиле околу 850-900 луѓе како заложници, вклучувајќи и членови на публиката и изведувачи, меѓу нив генерал на министерството за внатрешни работи. Реакцијата на публиката во театарот на веста дека театарот е под терористички напад не беше ист: некои луѓе останале мирни, некои реагирале хистерично, а други се онесвестиле. Некои изведувачи кои биле на одмор зад сцената избегале преку отворен прозорец и ја повикале полицијата. Севкупно, околу 90 луѓе успеале да избегаат од зградата или да се сокријат.

Лидерот на милитантите Носвар Барајев на заложниците им изјавил дека тие (кои себеси се идентификувале како самоубиствен тим од „29 Дивизија“ ) немаат ништо против странските државјани (околу 75 од 14 земји, вклучувајќи ги Австралија, Германија,

---

[36] Modest Silin, Hostage, Nord-Ost siege, 2002, Russia Today, 27 October 2007
[37] Moscow hostage death toll soars, BBC News, 26 October 2002
[38] Chechen gunmen seize Moscow theatre, CNN, 24 October 2002

Холандија, Украина, Велика Британија и САД) и ветил дека ќе ги ослободи сите оние кои ќе покажат странски пасош[39].

Киднаперите тврделе дека операцијата ја извршуваат во име на чеченскиот народ и се заканиле дека ќе ги убијат сите заложници, доколку сите руски војници не се повлечат од Чеченија во рок од една недела. Во видео-снимката доставена до Москва и Ал-Џезеира лидерот на Милитантите, Мосвар Барајев, објавил дека „Секој од нив е подготвен да се жртвува за доброто на Бога и за независноста на Чеченија“. Накратко после тоа, повеќе од 200 заложници биле ослободени, главно деца и чеченските и грузиски државјани кои биле во можност да ја докажат нивната национална припадност.

Вториот ден Руската влада им понудила на киднаперите можност да замине за било која трета земја[40]. Заложниците поднеле жалба, можеби по наредби или принуда, до Владимир Путин да престанат непријателствата во Чеченија и побарале од него да се воздржи од напад на тетарот. Поради кризата, Путин го откажал патувањето во странство во кое било вклучена и средба со американскиот претседател Џорџ Буш и други светски лидери.

Киднаперите барале да разговараат со претставници на Меѓународниот Црвен крст. Милитантите, исто така, побарале од претставниците на Меѓународниот Црвен крст и Доктори без граници да доаѓаат во театарот за да ги водат преговорите. Полковникот Константин Васиљев вработен во ФСБ се обидел да влезе во двор на театарот, но бил застрелан додека се приближувал на зградата и беше принуден да се повлече. Според ФСБ, 39 заложници беа ослободени од страна на терористите на 24 октомври 2002 година, но тие ја повториле заканата дека тие ќе почнат да ги убиваат заложниците доколку повторно не се земат нивните барања сериозно. Киднаперите тврделе дека тие се подготвени да ги ослободат 50 руски заложници ако Ахмад Кадиров, претседател на про-Москва администрација на Чеченија, дојде до театарот, но тој не одговорил, и ослободување не се случило.

Во текот на ноќта цевка за топла вода пукнала во објектот, поплавувајќи во приземјето. Киднаперите не успеале да се договорат со преговарачите да се поправи

---

[39] Chechens Seize Moscow Theater, Taking as Many as 600 Hostages, *The New York Times*, 24 October 2002
[40] Seven hostages freed in Moscow siege, BBC News, 25 October 2002

цевката но подоцна се испоставило дека канализацијата била искористена од страна на руските специјални сили за прислушување[41].

Третиот ден терористите побарале преговори со официјален претставник на Владимир Путин. Роднините на заложниците одржале анти-воени демонстрации надвор од театарот и во центарот на Москва. Герилците се согласиле да ослободат 75 странски државјани, во присуство на дипломатските претставници на нивните држави. 15 руски државјани биле ослободени, меѓу кои осум деца (на возраст од 7 до 13). По состанокот со Путин, шеф на ФСБ Николај Патрушев понудил да ги поштеди животите на чеченците, ако тие ги ослободат преостанатите заложници неповредени.

Група руски лекари, влегле во театарот да донесат медицински средства за заложниците, по што изјавиле дека терористите не ги тепале или се заканувале на заложниците. Повеќето од заложниците биле мирни и само двајца или тројца од заложниците биле хистерични. Топла храна, топла облека и лекови исто така, биле поделени од страна на Црвениот крст. По зајдисонце, човекот идентификуван како Генадиј Влак успеал да влезе во театарот. Тој кажал дека неговиот син бил меѓу заложниците, но неговиот син не бил присутен, по што тој бил одведен и убиен од страна на чеченците. Постои сомневање во врска со овој инцидент, а телото на Влак било кремирано пред да биде идентификувано[42].

На 26 октомври во раните утрински часови, околу 05:00 часот иако на почетокот сметале дека е чад од оган, се започнало со испумпување на гас во самите простории[43]. Некои тврдеа дека се проширил низ дупки специјално направени низ ѕидовите, други дека бил пренесен преку системот за вентилација, додека пак трети тврделе дека дошол од под бината. Се верува дека безбедносните служби пумпале аеросол анестезија преку системот за вентилација

Чеченците, од кои некои биле опремени со гас маски, одговориле со отварање на оган на слепо кон безбедносните позиции од кои биле опколени. По триесет минути, откако бил пуштен гасот, се започнало со физички напад на зградата. Безбедносните сили

---

[41] How special forces ended siege, BBC News, 29 October 2002
[42] Why did she shoot". Retrieved 29 January 2012.
[43] Hostage drama in Moscow: the scene; The Survivors Dribble Out, All With a Story to Tell, *The New York Times*, 28 October 2002

започнале да влегуваат преку бројни отвори, вклучувајќи ги покривот, подрумите и влезните и помошните врати.[44]

Кога почнало со огнените дејства, терористите ги натерале заложниците да седнат на своите седишта и да ги покријат главите зад седиштата[45]. Дел од запожниците заспале, а дел од терористите ставиле заштитни маски.

По речиси час и половина спорадични пукања, руските специјални сили ја детонирале вратата на главната сала и влегле во аудиториумот. Во жестоките судири биле убиени сите терористи.

Според руската влада, борбите меѓу војниците и сеуште свесните чеченските борци продолжи и во други делови од зградата за уште 30 минути до еден час. Првичните извештаи изјавиле дека тројца терористи биле фатени живи (Би-Би објави дека "мал број на преживеаните борци беа одведени во лисици")[46], а двајца од нив успеале да избегаат. Подоцна, Владата тврдеше дека сите киднапери биле убиени во нападот.
Сите 40 бунтовници и околу 130 заложници загинаа за време на нападот или во наредните денови. Еден од цивилите починал од прострелна рана, а додека сите останати починале од ефектите на непознат гас наместо од прострелни рани.

Причината за смртта е наведена за сите заложници, тврдејќи дека тие починале од срцев удар или други физички заболувања. Меѓу жртвите, 17 беа членови на театарот, вклучувајќи и две деца актери[47]. Од странски државјани, тројца од Украина, а останатите биле државјани на Австрија, Ерменија, Белорусија, Казахстан, Холандија и САД. Околу 700 преживеаните заложници биле отруени од гас, а некои од нив добиле повреди што доведува до инвалидност во втората и третата класа. Неколку од руските специјални оперативци, исто така, биле отруени од страна на гас за време на операцијата. Според сведоштво од д-р А. Воробиев, директор на рускиот академски Бактериолошки центар, повеќето, ако не и сите, од смртните случаи биле предизвикани од задушување кога заложниците паднале на столиците station наназад или биле транспортирани и лево легнати на

[44] How special forces ended siege, BBC News, 29 October 2002
[45] How special forces ended siege, BBC News, 29 October 2002
[46] How special forces ended siege, BBC News, 29 October 2002
[47] At a scene of tragedy in Moscow, an act of hope, *The Christian Science Monitor, 10 February 2003*

грб од страна на спасувачките екипи; во таква положба, јазикот предизвикува блокада на дишењето. [48]

Напорите за лекување на жртвите беа комплицирани поради одбивањето на руската влада да ги информира лекарите каков вид на гас се користел. Во евиденцијата на официјалната истрага, наведен е како "гасовити супстанции". Во други случаи, тоа е познато како "неидентификувана хемиска супстанција".[49] Врз основа на ефектите на гас и прегледите на жртвите, се чини дека на ФСБ изработена е аеросол верзија на моќен опиум-како супстанца. Владините претставници се уште ја третираат неговата содржина како државна тајна.

Руската Федерација, како земја-членка на Конвенцијата за хемиско оружје, презеде "никогаш и под никакви околности да не ги извршува сите активности кои се забранети за земјите-членки на оваа Конвенција" да се развие, да се акумулира, да се складира и да се користи хемиско оружје, кое може да предизвика смрт, привремено онеспособување или трајна штета на луѓето или животните[50]. " Конвенцијата ги обврзува државите да ги исполни условите за користење токсични хемикалии кои им овозможуваат да се исклучи или значително го намали степенот на повредата и сериозноста на последиците. ( Конвенцијата овозможува користење на некои хемиски агенси како солзавец за "спроведување на законот, вклучувајќи домашни контрола на немири", но мора тие "агенси за контрола на нереди" да имаат ефекти кои "исчезнуваат во рамките на кратко време по престанокот на изложеноста.[51]"

---

[48] Nord-Ost Tragedy Goes On, *Moscow News* 2004 N.41 – a discussion of the long-term effects of the anesthetic on the surviving hostages

[49] Conclusions of forensic examination commission, Volumes 30–33 of the criminal case

[50] Was the gas legal?, BBC News, 28 October 2002

[51] Hostage Drama In Moscow: The Aftermath; Hostage Toll in Russia Over 100; Nearly All Deaths Linked to Gas, *The New York Times*, 28 October 2002

# 3. ТАРГЕТИРАЊЕТО НА ОСАМА БИН ЛАДЕН

Потрагата и убиството на Осама Бин Ладен овозможило вклучување на различни значајни теми поврзани со разузнавачкиот процес, како што се улогите на различни членови на разузнавачката заедница, различни методи за собирање, како и за чекорите на разузнавачкиот циклус и како тоа може да се користи против недржавните актери.

Убиството на Осама Бин Ладен на 2 мај 2011 година има историско значење, како крај на дводецениската потрага по најбараниот човек во Светот. Смртта на Осама бин Ладен претставува значајна корист во борбата против глобалниот тероризам, како и психологијата на оние кои директно или индиректно се засегнати од страна на Ал Каеда.

Покрај овие стратешки и психолошки придобивки, овој настан или поточно настани кои водеа до неговата смрт, може да послужат како одлична студија на случај за да се илустрираат разни сложени концепти, методи, техники и процеси кои се однесуваат на планирање, собирање, анализа и дисеминација на разузнавачкиот циклус.

Потрагата по Осама бин Ладен нагласува многу од предизвиците на разузнавачкиот процес за да се постигнат стратешките цели против недржавни актери. Овие актери поседуваат мрежи, кои постојано се менуваат. Во споредба со државите, чии локации и локациите на своите стратешки средства може многу полесно да се следат и лоцираат за разлика од недржавните актери чии што локации и средства може да се менуваат често што ги прави тешко достапни за да се лоцираат или следат. Лоцирањето на Бин Ладен претставува цел и пред да се случи инцидентот на 11 септември 2001 година, кога голем број на разни разузнавачки методи биле употребени за да се лоцира и да се започне мисија за негово апсење или убиство. Неговата локација во 1996 година била во Авганистан, се до средината на 2002 година кога се повлекува во Пакистан во градот Харипур. Во 2005 година со своите сопруги и деца се сели во Аботабад каде што останува се до 2011 година кога е убиен од страна на Американските специјални единици - „морнарички фоки“.

Еден од многуте аспекти во врска со локацијата и убиството на Осама бин Ладен, кој беше брзината со која се прошириjа информациите во врска со настаните што доведоа до неговата смрт.

Значењето на настанот создаде средина во која многу од оние кои се поврзани со настанот сакаа нивната вклученост и придонеси да бидат познати. Ова не беше ограничено само на поединци, туку и на различните агенции вклучени во процесот.

Јавноста, а не само во рамките на САД, имаше желба за било какви информации во врска со овој настан, па затоа светските медиуми агресивно се впуштија да му ги дадат сите информации до кои што би можеле да пристапат.

Упадот на американската војска на територија на странска земја за извршување на тајни активност против одредено лице без согласност на таа земја исто така допринесе за брзината на ширење на информациите.

Неколку дена по неговата смрт, детали за напад, и настаните што доведоа до тоа го најдоа својот пат во медиумите. Во деновите на 10-годишнината од нападите на 11 септември бројни документарци за смртта на Бин Ладен се емитувани, многу од нив со членови на администрација кои што активно биле вклучени во процесот на пронаоѓањето на Бин Ладен и одлуката да ја нападнат неговата локација, вклучувајќи го и претседателот на САД. За помалку од две години по нападот врз комплексот Аботабад, врз основа на напад и настани што водат до тоа се сними филм кој беше номиниран за неколку награди на Академијата.

По инвазијата на Авганистан и бегството на Осама бин Ладен од Тора Бора се губи секаква негова трага. Неговото исчезнување од речиси една деценија се должи во голем дел на потпирањето на системот на Ал-Каеда кој се заснова на мрежа на ќелии кои работат независно едни од други, а воедно и не се познаваат меѓу себе, и мал број на доверливи курири кои може да комуницираат со надворешниот свет. Оваа мрежа беше причина за убиството на Бин Ладен, каде што наместо во потрага по него, разузнавачките агенции се сконцентрирале на потрага по неговите најдоверливи соработници преку кои тој комуницира со надворешниот свет, бидејќи беше познато дека од 1998 година Бин Ладен не користи телефони, бидејќи за време на една негова комуникација САД лансираше воздушни напади на неговите бази во Авганистан и Судан. Клуч за успехот на мисијата со употреба на човечко разузнавање (ХУМИНТ) и разузнавање на комуникациите (СИГИНТ) беше идентификација и лоцирање на неговиот најдоверлив соработника Абу Ахмед ал - Кувајти.

Ал-Кувајти беше идентификуван од страна на оперативци на Ал-каеда кои се наоѓале во затвор во Гвантамо, додека одредени оперативци како Калид Шеик Мохамед и Абу Фарај ал-Либи тврделе дека Ал-Кувајт не е повеќе дел од организацијата или пак дека неговото учество е незначително[52]. Познато е дека веродостојноста, кредибилитетот, негирањето и измамата претставуваат важни теми кои при работа со ХУМИНТ често е потребно да се примени „Законот на Гертруда" кога присилното негирање е побитно од признавањето[53].

До овие информации се стигнало преку ХУМИНТ, и откако се воочила неговата важност,биле потребни неколку години за да се лоцира неговата местоположба.

За успешноста на неговото лоцирање главна улога одиграла Националната Агнеција за Безбедност (National Security Agency - NSA) и употребатата на комуникациското извидување (СИГИНТ). Настанот кој водеше до неговата идентификација беше реализираниот телефонски повик помеѓу симпатизер на Ал-Каеда од Персискиот Залив со непозната личност во северо-западен Пакистан. Во текот на разговорот човекот од Пакистан за кој се сомневаа дека е Ал-Кувајти во разговорот изјавил: „Јас сум назад со луѓе со кои бев порано", со што потврдил дека повторно работи за Ал-Каеда[54].

Овој телефонски повик претставува пример за важноста на СИГИНТ, но исто така важно е и да се напомене дека можноста да се детектира и слушаат повиците на одредени телефонски броеви кои се поврзани со Ал-Кувајти им беше овозможена на САД од страна на трета земја[55]. Овој вид на разузнавачка соработка не се случува често, и самото ова претставува предизвик.

Телефонскиот повик претставуваше почеток на разузнавачкиот циклус и почеток на филмот за ловот на Бин Ладен[56].

**Бин Ладен и почеток на разузнавачкиот циклус**

---

[52] Peter L. Bergen, Manhunt, The Ten-Year Search for Bin Laden from 9/11 to Abbottabad, (New York: Crown, 2012), 95-107.
[53]Keith Cozine St. John's University, Teaching the Intelligence Process: The Killing of Bin Laden as a Case Study, (Journal of Strategic Security, Volume 6 Number 5 Fall 2013)
[54] 6 Bergen, Manhunt, 123.
[55] 7 Ibid, 122.
[56] Bob Woodward, "Death of Osama bin Laden: Phone call pointed U.S. to compound — and to 'the pacer'," The Washington Post, May 27, 2011, available at: http://articles.washingtonpost.com/2011-05-06/world/35232344_1_lines-or-internet-service-abbottabad-osama-bin-laden.

Разузнавачкиот циклус започнува со планирање и давање на насоки, во овој случај со Ал-Кувајти со поставување на следните прашања:

- дали е високо рангиран член во структурата на Ал-каеда?
- дали е доверлив човек на Бин Ладен?
- дали Бин Ладен комуницира со надворешниот свет преку него?
- дали може да ги одведе до Бин Ладен?

За да се добие одговор на овие прашања се започна со масовно собирање на информации поврзани со Ал-Кувајти во кои беа вклучени разузнавачките дисциплини:

- ХУМИНТ,
- ОСИНТ и
- ГЕОИНТ (географско разузнавање со помош на сателити и беспилотни летала)

Со собирањето на информациите од горенаведените разузнавачки дисциплини движењето на Ал-Кувајти ги доведе до комплексот во Аботабад - Пакистан, кој исто така сега претставуваше цел за собирање на разузнавачки податоци.

Информациите собрани во врска со комплексот откриваа дека објектот изграден во 2005 година не поседува интернет или телефонска мрежа, има три спрата, опкружен е со ѕид со четири метри висина, и поголем дел од прозорите се затворени и затемнети.



слика бр. 1 Изглед на куќата во која бил сместен Осама Бин Ладен[57]

Кога овие информации беа искомбинирани со останатите како што се:

- Ал-Кувајти секогаш се оддалечувал неколку километри од куќата за да се направи повик од неговиот мобилен телефон;
- употреба на јавни интернет објекти за комуникација;
- луѓето кои што живееле во објектот секогаш го палеле ѓубрето;

довело до заклучок дека Ал-Кувајти е во контакт со високо рангирана цел која е сместена во објектот во Аботабад[58].

Анализата на собраните податоци од реализираното разузнавање била доставена до највисоките владини тела во САД. По извршеното запознавање со податоците директорот на Централната Разузнавачка Агенција Леон Панета го дал исказот „Сакам да знам што се случува во комплексот“[59], што значело ново планирање и нови насоки во разузнавачкиот циклус како што е откривање на идентитетот на високорангираната цел кој е сместена во објектот.

Поради долготрајноста и обемноста на операцијата ЦИА беше приморана да бара дополнителни финансиски средства во 2010 година од Конгресот на САД.

Повторно се започнало со масовно собирање на податоци од небо и од земја. Се започнува со извидување од земја со формирање на „безбедносна куќа“ во Аботабад од каде што се може да се следат сите активности во комплексот.

Набљудувачите успеваат да воочат човек којшто не учествува во секојдневните активности, и ретко излегувал надвор од објектот освен што имал кратки прошетки на балконот и во дворот[60]. Иако се направиле слики од безбедносната куќа како и сателитски снимки од Националната геопросторна разузнавачка агенција (National Geospatial Intelligence Agency - NGA), на нив не можело да се идентификува непознатиот човек како Бин Ладен, но се проценувала неговата висина на 170-200 сантиметри[61]. Ова водело до

[57] http://en.wikipedia.org/wiki/Death_of_Osama_bin_Laden
[58] Smithsonian Channel, The Hunt For Bin Laden, April 29, 2012.
[59] Bergen, Manhunt, 125
[60] History Channel, Targeting Bin Laden, September 6, 2011.
[61] Woodward, “Death of Osama bin Laden.”

голема веројатност дека непознатата личност е Бин Ладен, но за да се спроведе операција на целта морало да се соберат повеќе докази.

За да се потврди веројатноста Централната Разузнавачка Агенција формира лажна вакцинација на децата во Аботабад за да може да собере и направи ДНК анализа и да потврди дека децата во комплексот се на Бин Ладен[62]. За да ја исполни целта агенцијата успева да регрутира искусен пакистански лекар за добивање на пристап до комплексот. Процедурата започнува со вакцинација од Хепатит Б во периферните делови на Аботабад, за постепено да се доближи до Комплексот во кој е сместен Бин Ладен. Напорите за собирање на ДНК завршиле неуспешно, а лекарот регрутиран од ЦИА после извршеното убиство на Бин Ладен бил обвинет и уапсен од страна на разузнавачката служба на Пакистан заради соработка со странски разузнавачки агенти.

Овој обид иако неуспешен ни покажува како ЦИА со употреба на ХУМИНТ регрутира странски државјанин да шпиунира или да реализира прикриени активности, а воедно и ни покажува дека без разлика колку ресурси се користат за тајно собирање на информациите, или колку и да е вредна целта, оперативниот успех не е секогаш загарантиран.

Сите досегашни податоци собрани и аналитички обработени даваа резултат од 60-70% дека непознатиот човек е Осама Бин Ладен, по што се правеше проценка дали е тоа доволно за да се реализира операција за негово ликвидирање во земја партнер на САД без да биде известена, и какви може да бидат последиците од тоа[63].

За да направат повторна проценка на податоците ЦИА сите информации ги обработува повторно од страна на нов „Црвен тим" на аналитичари за да добие дополнително мислење. „Црвениот тим" како резултат наведува дека 40-60% се шансите дека непознатиот човек е Осама Бин Ладен[64].

Иако веројатноста за локацијата на Бин Ладен во Аботабад е намалена, по наредба на Претседателот на САД се врши подготовка за напад на локацијата за елиминација на најпознатиот светски терорист со што е означен почетокот на операцијата „Нептуновото Копје".

---

[62] Saeed Shah, "CIA organised fake vaccination drive to get Osama bin Laden's family DNA," The Guardian, July 11, 2011, available at: http://www.guardian.co.uk/world/2011/jul/11/cia-fake-vaccinationsosama-bin-ladens-dna.
[63] History Channel, Targeting Bin Laden.
[64] Bergen, Manhunt, 191-4.

Самиот разузнавачки циклус започнува да се дели на два дела: стратешко разузнавање и тактичко разузнавање каде информациите се собираат и анализираат со цел за поддршка на одредена операција. Додека стратешкото разузнавање се обидува да го потврди идентитетот на непознатиот човек, истовремено тактичкото разузнавање собира податоци кои ќе се користат во планирањето за потенцијален напад на објектот. Така на пример податоците собрани од ГЕОИНТ во комбинација со ХУМИНТ собрани на терен овозможуваат утврдување на најдобар начин за започнување на напад. Всушност собраните информации се обработени и експлоатирани за да се изработи реплика на локацијата за напад која ќе се користи за вежбање.

На тактичко ниво исто така помага и разузнавањето од отворени извори (ОСИНТ), каде што се прибираат лесно достапни информации како што се, временска прогноза, клима, население, национална структура, густина на населеност, извештаи, карти од Аботабад, фазите на месечината, податоци кои се од големо значење на тактичко ниво.

Потрагата и убиството на Бин Ладен претставува јасно дефиниран, прилагодлив и временски случај каде што ни се прикажани широк спектар на примери со комплексни проблеми, концепти и теории поврзани со процесирање и анализа на податоците кои на крај доведуваат со напад и елиминирање на целта со употреба на специјални операции. Исто така се истакнува и начинот на кој процесот на разузнавањето може да се искористи кога постои закана кон безбедноста од недржавни актери, како и употребата на најновите технологии како што се беспилотните летала за собирање на информации кои поседуваат стелт технологија и не се во можност да бидат детектирани од пакистанските радари, како и нивното пренесување на снимки во реално време.

Се уште останува нејасно како пакистанската разузнавачка служба немала податоци за присуството на Бин Ладен на нивна територија. Директорот на ЦИА Леон Пенета изјавил дека причината за неинформирањето на пакистанските власти е дека се плашат од можноста да било која соработка со пакистанците може да ја загрози мисијата[65]. Џон Бренан, советник на Барак Обама за борба против тероризмот, изјавил за новинарите во Белата куќа: "Луѓето се однесуваат кон тоа како да се скрил од погледи.

[65] http://en.wikipedia.org/wiki/Death_of_Osama_bin_Laden

Ние сеуште сме во потрага по тоа како тој беше во можност за да се скрие таму толку долго[66].

Постојат верувања дека самата пакистанска служа го овозможила престојот на Бин Ладен, на локација која се наоѓа на само 1,3 километри од пакистанската воена академија.

Целта на разузнавањето не е да се докаже ситуацијата без основано сомневање, туку да им се овозможи на креаторите на политиката на најдобар можен начин визуелизација на состојбата во одреден временски период, и дали тие информации имаат вредност со која би се извршил упад во друга земја за да се вклучат во тајна акција. Значењето на информацијата е големо бидејќи нејзината неточност можеше да доведе до заладување на Американско - Пакистанските односи, а самата операција да се сметаше за агресија на САД врз територијалниот интегритет на Пакистан. Иако сето ова се случи сепак тоа беше исплатливо бидејќи беше ликвидирана најбараната терористичка личност во светот.

[66] http://www.theguardian.com/world/2011/may/02/osama-bin-laden-pakistan-awkward-questions

## 4. РАЗВОЈОТ НА ИСИС

Исламската држава на Ирак и Сирија попозната како ИСИС е најбруталната терористичка организација во историјата на современото живеење. Нејзиниот развој започнува уште во 2004 година кога тогашниот лидер Ал Закави го формира огранокот на Ал Каеда во Ирак. Значи веднаш да донесеме еден почетен заклучок а тоа е дека ИСИС е мутирана варијанта на Ал Каеда формирана во Ирак. Истата е сунитска организација која се развива во посебна организација бидејќи смета дека Ал Каеда е премногу нежна во нивните операции. ИСИС настапува со крајна бруталност се со цел да влее став кај населението. Како се одвиваше развојот на ИСИС?

Во 2006 година Ал Каеда во Ирак под водство на Ал Закави започнува операции против шиитското население и против коалиционите сили. На 7 јуни 2006 година во нашата зона на операции поточно во селото Хибхиб кое се наоѓа на 8 км северно-западно од Багдат, Ал Закави одржуваше состанок во една безбедна куќа. Благодарение на прецизните и помалку задоцнети информации донесена е одлука куќата да биде нападната од воздух. Нападот се изврши со авион Ф-16Ц, а куќата за состанок т.н. безбедна куќа беше погодена со две бомби со тежина од по 230 кг. Одлуката да се нападни од воздух е донесена како многу итна и во недостаток на време за да се реализира копнен напад, а и постоење на голем ризик операцијата да биде пробиена. Покрај лидерот на Ал Каеда за Ирак во овај напад беа убиени и други важни соработници на оваа терористичка организација. По неговото убиство за лидер е назначен Ал Масри кој во октомври 2006 година како лидер на Ал Каеда во Ирак ја дава идејата за Исламска држава во Ирак (ИСИ), и го назначува Абу Омар Ал Багдади за нејзин лидер. Во април 2010 година Аби Бакр Ал Багдади е поставен за лидер на ИСИ, а подоцна Абу Омар Ал Багдади и Ал Масри беа убиени од коалиционите сили. Во февруари 2014 година милитантната група на Ал Каеда во Сирија и ИСИС конечно се спојуваат. Ноќта понеделник спрема вторник на 09 јуни 2014 година милитантите на ИСИС ја преземаат контролата на градот Мосул и на аеродромот. Исто така ослободуваат 1000 заробеници. На 11 јуни 2014 година ја превземаат контролата на градот Тикрит, а на 21 јуни 2014 година веќе имаат контрола повеќе градови на границата со Сирија. На 29 јуни 2014 година ИСИС формираат калифат

(исламска држава) на одредена територија, а меѓународните граници на државите ги сметаат за неважни. Нивниот лидер Ал Багдади е самопрогласен лидер на сите муслимани во таканаречената Исламска Држава односно според нив лидер на 1,5 милијарда муслимани. Според извештајот на Обединетите Нации од 29 јуни 2014 година 1,2 милиони луѓе од Ирак се раселени од своите домови и како реакција на ова на 30 јуни САД испраќа 300 војници во Ирак. Нивна основна задача е да се обезбеди амбасадата на САД, аеродромот во Багдад и да бидат консултанти на ирачките безбедносни сили. На 3 јули 2014 година ИСИС навлегува на територија во Сирија и ја превзема контролата на најголемото нафтено поле Ал Омар чие што дневно производство на нафта изнесува 75 000 барели, а на 17 јули заземаат и наоѓалиште на природен гас а сите 270 лица ги ликвидирале. На 08 август 2014 година САД започнуваат воздушни напади на стратешки важни цели на милитантите на ИСИС со цел нивно уништување. Според неофицијани податоци дневната заработувачка на ИСИС од продажба на нафта изнесувала 1 милион долари. Подоцна во 2015 година во борбените операции се вклучува и Руската Федерација.[67]

Зошто ја споменуваме ИСИС во специјални операции – светски практики? ИСИС од самиот почеток на дејствување планираше и спроведуваше специјални операции, психолошки операции за подоцна да премине на конвенционални воени операции и да дејствува како армија. Покрај овие операции се занимаваат со трговија со нафта (како основен финансиски столб), трговија со артефакти и во последно време се водечки во светот со трговија со човечи органи. За таа намена имаат опремени и најсовремени болници, а голем дел од нивните жртви се погубуваат но претходно се подлежни на хируршки интервенции.

Во почетокот на нивното делување т.е. во периодот кога завземаа територија со спроведување на специјални операции за една ноќ ја превземаа целосната контрола на еден град со големина на Мосул. Како? Инфилтрација со полициски и воени униформи, добро испланиран и синхронизиран напад на сите контролни точки, полициски станици, касарни и воспоставување на целосна контрола на градот. Следното утро поставени нивните знамиња, а жртвите убиени на најбрутален начин. Голем страв кај месното население и постојана контрола и систематска ликвидација на припадници на

[67] http://isisiraq.com/timeline/

безбедносните сили. Подоцна преминаа на фаза на регрутација на месно население и странски борци за подоцна да делуваат конвенционално т.е. да реализираат класични воени акции исто како армија. За цело време на нивното делување доста е застапен маркетингот благодарание на развојот на техниката и социјалните мрежи и континуирано доаѓање на нови борци и тоа претежно млади лица кои се желни за авантура. Нивното делување стана глобален проблем, а последиците веќе се чуствуваат во поголем дел на Европа по извршените терористичи напади во Франција и во Белгија. Соодветен одговор на оваа закана во современите држави е само превентивните добро испланирани специјални операции и точноста на разузнавачките информации кои како такви се влезни елементи во процесот на планирање на операциите.

# 5. СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА

Специјалните операции односно специјалното војување во нашата земја започнува уште од почетоците на комитството во Македонија. Имено, комитството како израз на непокорот на нашиот народ спрема тиранијата на Отомоманското царство е начин кој што може да се разгледува во контекст на специјалните операции во Македонија. Овој начин на борбени дејствија особено поголем интензитет зазема во периодот после формирањето на ВМРО (1893 година). Историјата од овој период е преполна со примери на специјални операции кои што ги изведувале припадниците на ВМРО.

Од поновата историја на Македонија, специјалните операции се развиваат со формирањето на партизанските одреди на територијата на Република Македонија. Како позначајна специјална операција може да се земе минирањето на пругата Солун – Скопје во 1944 година со цел оневозможување на повлекување на германската група Е која што е стационирана во Грција.

После втората светска војна, специјалните единици во Република Македонија се развиваат во согласност со генералниот концепт на одбрана на Југославија. Имено, како главен елемент на овој концепт на одбрана е воспоставување на непрекината вооружена борба низ целата територија на државата. Како резултат на ова се развиваат диверзанските едници на ЈНА кои што во денешен аспект претставуваат единици на специјани намени. Од друга страна, во овој момент е потребно да се спомене и развојот на територијалната одбрана како втор столб на одбрната. Овие единици во Република Македонија, се развиваат во лесни единици што во превод значи единици кои што се оспособени за изведување на диверзански акции.

Во современата историја, особено со осамостојувањето на Република Македонија, специјалните единици паралелно се развиваат во двете министерства задолжени за безбедноста на државата. Во Министерството за одбрана се развиваат армиските специјани единици преку формирање на баталјонот за Специјални Намени (Волци) во далечната 1994 година попознат како шести одред со основна задача да ги продолжи традициите на диверзанските единици на ЈНА но со современ концепт на изведување на

специјални операции. Кризата во 2001 година, претставуваше и камен темелник каде што државниот врв, го виде бенефитот на вакви единици особено во доменот на одбрната. Како резултат се јави иницијативата на зголемувањето на капацитетите на оваа единица каде што од баталјонски состав се разви полковскиот состав односно се формира полкот за специјални операции како оперативна единица прво потчинета на ГШ на АРМ.

За време на конфликтот во 2001 година во Република Македонија се реализирани одреден број на специјални задачи од страна на специјалните единици во АРМ и МВР. Овие специјални операции се почетоците на специјалното војување во нашата земја. Едно од прашањата кои се поставуваат е дали истите беа соодветен одговор на тогашната ситуација, дали ги исполнија очекувањата и што би требало да се извлече како заклучок за во иднина? Специјалните операции кои се реализираа за време на вооружениот конфликт беа од исклучително значење во тој период и допринесоа за зачувување на безбедноста на граѓаните на Република Македонија. Од друга гледна точка овие задачи и присуството на специјалните единици директно на првата борбена линија на боиштата придонесоа за моралот на целокупниот безбедносен систем, на резервниот состав и на целокупното население. Со нив се градеше митот на непобедливите и тн.

Гледано аналитички од денешен аспект може да извлечеме заклучоци кои ќе ни дадат смерници за употребата на специјалните единици и за реализирањето на специјални операции. Специјалните единици треба да се ангажираат исклучиво за важни операции. Важни операции се: напад на стратегиски објект на непријателот (командно место, центар за врски, магацини, напад на исклучително важни личности, решавање на заложничка криза и тн.). Со реализација на наменски операции за специјални единици ќе се добие политичката намера на државниот врв, ќе се добие голема надмоќ врз непријателот т.е. ќе се добие релативна супериорност на бојното поле, ќе се добие голема несигурност и страв во непријателските редови. Тоа е и главната цел на употребата на специјалните единици. Како пример да земеме дека е нападнато главното командно место, тоа би значело дека секој припадник од страна на непријателот ќе се чувствува доста несигурно со постојана мисла дека може и тој да биде следна цел на напад, а тоа би довело за зголемен број на дезертерства. Тука голем дел треба да имаат и психолошките операции и нивните пропаганди.

Раководните функционери и лидери кои раководат со специјалните единици многу често доделуваат задачи на специјалните единици се со една цел да бидат сигурни дека се ќе биде во ред и задачата ќе биде завршена. Многу често се добиваат задачи за патролирање, ескортирање на конвои и лица, обезбедување на лица и групи во движење и во објекти (делегации, самити и тн.). Тоа е голема грешка и тоа не смее да се случува. Специјалните единици може да се употребат за обезбедување на конвој но доколку се транспортира нуклеарно вооружување и постои опасност од напад. Меѓутоа не смее да се ангажира специјална единица за обезбедување на маневар на пешадиска единица. Не смее да се ангажира специјална единица на борбена задача со недоволно и нецелосни разузнавачки информации затоа што врз основа на информациите се подготвува и планира задачата. Како пример може да се напомене задачата за апсење во Куманово во 2015 година. На оваа задача специјалните полициски сили беа упатени за апсење на некоја мала група, а се доведоа во ситуација да водат блиска борба во урбана средина без подготовки и без соодветна подршка.

При реализирање на специјални операции, секогаш мора да бидат застапени три групи и тоа:

- група за обезбедување на просторот,
- група за подршка и
- група за напад.

Овие групи и по тој редослед ги заземаат позициите: прво се обезбедува просторот каде би се реализирала задачата со една единствена цел да не дојде до дотур на лица и материјално технички средства на непријателот или на нивно извлекување од зоната на операции. Потоа се поставува групата за подршка, а нејзината бројност и вооружување зависи исклучиво од заканата. Групата за подршка може да биде составена од снајперски позиции, митралески позиции па се до оклопни возила, а нивната бројнос и огнена моќ зависи од заканата. На крај на местото за операции доаѓа групата за напад и по завршување на нападот истата прва го напушта местото и за цело време добива подршка од групата за подршка. По дислокацијата на групата за напад на безбедно растојание се повлекува групата за подршка за на крај да се повлече групата за обезбедување. Значи да заклучиме: без разлика за каква тактича задача се однесува овие три групи мора да постојат секогаш, да ги заземат своите позиции по дадениот распоред, а да се повлечат по

обратен распоред од поставувањето. Големината на групите е секогаш променлива и во тоа е успехот на операцијата. Како пример ако се решава заложничка криза во урбана средина и заканата е само едно лице тогаш групата за подршка може да биде само еден снајперки пар. Меѓутоа ако се работи за апсење или неутрализирање на поголема вооружена група во урбана средина тогаш групата за поддршка мора да биде далеку побројна, а во составот покрај снајпери и митралези ќе има и оклопни возила.

# V ЗАКЛУЧОК

## 1. ЗАКЛУЧОК

Основен услов за безбедно опшество е беспрекорно функционирање на целокупниот безбедносен систем. Тоа значи дека разузнавачките служби, полицијата, армијата, граничната полиција и приватните агенции за обезбедување треба да бидат добро координирани и крајно професионално да ги извршуваат своите задачи. Секоја служба треба да се придржува на својата област на работа, меѓутоа и да се направи ситем за размена на информации.

При детектирање на можна закана веднаш треба да се премине на собирање на информации од страна на разузнавачките служби. Разузнавачките информации од кога ќе бидат собрани и обработени се доставуваат до соодветните авторитети во државата. По нивна одлука доколку се процени дека треба да се спроведе специјална операција се дава одобрение на специјалните единици да се започне со процесот на планирање и српведување на специјалната операција. Со нејзиното реализирање и неутрализирање на заканата се испраќа јасна порака во државата и во регионот дека во нашата држава кога е во прашање националната безбедност сме крајно решителни и одлучни и не се прифаќа никаков дијалог за тоа. Доколку се случи терористички напад, одговорот треба да биде соодветен т.е. да се спроведе специјална операција и сите учесници да се спроведат пред лицето на правдата.

Само со јасно дефинирани постапки за во случај на закани или напади може да се превенира и да се зачува безбедноста на државата.

- Од претходно кажаното може да заклучиме дека специјалната операција како тактичко – борбена постапка која секогаш предвидува и употреба на сила во современото живеење е неминовност и неопходност за зачувување на безбедноста на граѓаните. И покрај тоа што употребата на сила е спротивна на демократските норми, во одредени ситуации е неопходна. А доколку е неопходна тогаш најдобро е да се спроведи на почеток како превентивна мерка, а не како одговор на веќе случен настан. Тоа се случи во Париз и Брисел каде реакцијата на безбедносните сили беше одговор

на терористички настан. Ќе беше сосема поинаку ако овие операции се случеа превентивно.

- Успешноста на една специјална операција во голем дел зависин од проценката и директно од планирањето. Процесот на планирање мора да биде детален, а самата проценка да биде заснована врз база на факти. Доколку нема доволно време за детално планирање тогаш лидерите во специјалните единици со давање на конкретни насоки директно помага во скратување на процесот на планирање, меѓутоа сите чекори мора да се застапени. Доколку некој чекор од планирањето се занемари тогаш подоцна при реализација на фазите на операција ќе се јави проблем. На пример секогаш се изработуваат повеќе варијанти за напад а подоцна се врши нивна споредба и избор на најдобрата варијанта. Доколку нема доволно време командирот се вклучува во процесот на планирање и дава конкретни насоки и се изработува само основен и резервен начин на напад. Со право се вели дека во специјалните операции планирањето е повеќе од пола од успехот на задачата.
- Специјалните операции и нивната успешност се условени од соработката и кординацијата на сите учесници во безбедносната заедница. Размената на информации помеѓу разузнавачките служби мора да биде на највисоко ниво. Доколку се поседува информација и истата не се размени пред да се започне со планирање на специјална операција тогаш успехот на операцијата е доведен во опасност, персоналот исто така, а самата информација станува бескорисна. Во оваа насока во нашиот безбедносен систем потребно е уште работа и формирање на координативно тело кое ќе менаџира со информациите.
- Истражувањето потврди дека основниот проблем во самата реализација на една специјана операција е безусловно следење на фазите и етапите на операцијата и тоа исклучиво по утврдениот распоред. Секогаш при спроведување на специјална операција први на терен доаѓаат групите за обезбедување на просторот и истите се последни кои се дислоцираат од самото место. Втора е групата за подршка и оваа група исто така втора е во повлекувањето. Трета група т.е. последна е групата за напад, а по завршување на нејзиниот дел од задачата оваа група и прва се повлекува од зоната на операции. Овај распоред не смее да се прекршува и менува, а групите и нивната бројнос се флексибилни во зависност од задачата.

- На крај треба да се напомене дека исто така доста важни елементи во спроведувањето на една специјална операција се материјално техничките средста т.е. опремата од една страна и обученоста на персоналот од друга страна. Опремата што се користи во специјалните операции мора да ги задоволува сите стандарди и да се врши континуирано обновување. Невложувањето во модернизација на специјалните единици може да се одрази негативно врз мисијата и персоналот.

На крај може да заклучиме дека без разлика на природата на заканата одговорот мора секогаш да биде соодветен, пропорционален на заканата, одлучен и без исклучоци. Само така може да се зачува и да се гарантира безбедноста на сите граѓани во Република Македонија. Специјалните операции во одредени ситуации се неминовни и мора да се реализираат, а најдобро е кога истите ќе се реализираат како превентивна мерка.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Бакрески О. " Контрола на безбедносниот сектор", Филозофски факултет, Скопје, 2008
2. Бакрески О. " Координација на безбедносносната заедница на Република Македонија", Филозофски факултет, Скопје, 2005
3. Бакрески О. " Државните органи и одбраната", Македонска ризница, Куманово, 2002
4. Бакрески О. " Координација на безбедносноснот сектор – искуства и практики ", Филозофски факултет, Скопје, 2006
5. Борн Х. , Ли Иан, " Создавање отчетно разузнавање – Правни стандарди и најдобри практики за надзор над разузнавачките агенции", Осло, 2005
6. Буџакоски С. " Разузнавање", Коста Абраш, Охрид, 2005
7. Ванковска Б. " Политички систем", Бомат графикс, Скопје, 2008
8. Ванковска Б. " Војската и демократијата", НИП Нова Македонија, Скопје, 1995
9. Ванковска Б. " Тековните перспективи врз состојбите во Македонија: напори за мир, демократија и безбедност", Институт отворено општество, Скопје, 2003
10. Ву Сун Цу " Уметност на војувањето", поглавје 13
11. Георгиева Л. " Менаџирање со ризици", Филозофски факултет, Скопје,2006
12. Георгиева Л. " Творење на мирот – мирот, безбедноста и конфликтите по студената војна", Виладорф, Скопје, 2004
13. Гоцевски Т. " Основи на системот за национална одбрана", Филозофски факултет, Скопје, 2006
14. Гоцевски Т. " Политичкиот и економскиот систем и одбраната на Македонија", Филозофски факултет, Скопје, 2005
15. Гоцевски Т. и Митреска М. " Кризен менаџмент", Македонска ризница, Куманово, 2001
16. Закон за одбрана, (" Службен Весник на Република Македонија" бр.42/2001, 3129)
17. Закон за агенција за разузнавање, (" Службен Весник на Република Македонија" бр.19/95)
18. Закон за полиција, (" Службен Весник на Република Македонија" бр.114/2006)
19. Котовчески М., " Современи разузнавачки служби", Македонска цивилизација, Скопје, 2002
20. Котовчески М., " Тајни служби", Македонска цивилизација, Скопје, 2000
21. Нацев З. и Нанчевски Р. , " Војна, мир и безбедност", Македонска ризиница, Куманово, 2000
22. Нацев З. и Нанчевски Р. , " Безбедноста и националната обрана", Македонска ризиница, Куманово, 2001
23. Нацев З. , " Теориски основи на доктрината и стратегијата на националната одбрана", НИП Ѓурѓа, Скопје, 1999

24. “ Национална концепција за безбедност и одбрана” (“ Службен Весник на Република Македонија” бр.40/2003)
25. Стаменкоски А. “ Основи на разузнавањето”, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1999
26. Функционална анализа на Министерството за одбрана “ Стратегиски одбранбен преглед – докукенти”, 2004-2007
27. Echevarria, Antulio J. II (2005). Fourth-Generation War and Other Myths. United States Army.
28. Lind, William S. (2004). "Understanding Fourth Generation War". Retrieved February 7, 2010
29. FM 101-5, Staff organization and operations, Headquarters, Department of the Army
30. Special forces planning handbook, student handout, July 2004.
31. Ranger Handbook, Ranger Training Brigade United States Army Infantry School Fort Benning, Georgia July 2006
32. Ѓорѓи Вељоски, Штит бр. 05, Јануари 2010
33. Jeffrey T.Richelson „The U.S. Intelligence Community“, 1989
34. М.Дојчиновски, Ф.Оџаков, Разузнавачки операции,2010
35. Manor, LeRoy J. "The Son Tay Raid." Air Commandos Association. Online, MSN. June 1998. Available//home.earthlink.net/'aircommando/sontayral.htm
36. Schemmer, Benjamin F. The Raid. New York: Avon Books, 1976.
37. Walker, Greg. At Hurricanes Eve. New York: Ivy Books, 1994.
38. Vandenbroucke, Lucien. Perilous Options: Special Operations as an Instrument ofU.S. Foreign Policy. New York: Oxford University Press, 1993.
39. Garret, Richard. The Raiders. London: David and Charles, 1980
40. Schemmer, Benjamin F. The Raid. New York: Avon Books, 1976.
41. Manor, LeRoy J. "The Son Tay Raid." Air Commandos Association. Online, MSN. June 1998.
42. Modest Silin, Hostage, Nord-Ost siege, 2002, Russia Today, 27 October 2007
43. Moscow hostage death toll soars, BBC News, 26 October 2002
44. Chechen gunmen seize Moscow theatre, CNN, 24 October 2002
45. Chechens Seize Moscow Theater, Taking as Many as 600 Hostages, *The New York Times*, 24 October 2002
46. Seven hostages freed in Moscow siege, BBC News, 25 October 2002
47. How special forces ended siege, BBC News, 29 October 2002
48. Why did she shoot". Retrieved 29 January 2012.
49. Hostage drama in Moscow: the scene; The Survivors Dribble Out, All With a Story to Tell, *The New York Times*, 28 October 2002
50. How special forces ended siege, BBC News, 29 October 2002
51. At a scene of tragedy in Moscow, an act of hope, *The Christian Science Monitor, 10 February 2003*
52. Nord-Ost Tragedy Goes On, *Moscow News* 2004 N.41 – a discussion of the long-term effects of the anesthetic on the surviving hostages
53. Conclusions of forensic examination commission, Volumes 30–33 of the criminal case
54. Was the gas legal?, BBC News, 28 October 2002
55. Hostage Drama In Moscow: The Aftermath; Hostage Toll in Russia Over 100; Nearly All Deaths Linked to Gas, *The New York Times*, 28 October 2002

56. Peter L. Bergen, Manhunt, The Ten-Year Search for Bin Laden from 9/11 to Abbottabad, (New York: Crown, 2012), 95-107.
57. Keith Cozine St. John's University, Teaching the Intelligence Process: The Killing of Bin Laden as a Case Study, (Journal of Strategic Security, Volume 6 Number 5 Fall 2013)
58. 7 Ibid, 122.
59. Bob Woodward, "Death of Osama bin Laden: Phone call pointed U.S. to compound — and to 'the pacer'," The Washington Post, May 27, 2011, available at:
60. Smithsonian Channel, The Hunt For Bin Laden, April 29, 2012.
61. History Channel, Targeting Bin Laden, September 6, 2011.
62. Woodward, "Death of Osama bin Laden."
63. Saeed Shah, "CIA organised fake vaccination drive to get Osama bin Laden's family DNA," The Guardian, July 11, 2011, available at: http://www.guardian.co.uk/world/2011/jul/11/cia-fake-vaccinationsosama-bin-ladens-dna.
64. http://www.theguardian.com/world/2011/may/02/osama-bin-laden-pakistan-awkward-questions

65. www.cia.gov.us
66. www.fbi.gov
67. www.MI5.gov.uk
68. www.MI6.gov.uk
69. www.counter-intelligence.com
70. www.soa.hr
71. www.bia.sr.gov
72. www.ia.gov.mk
73. www.mvr.gov.mk
74. www.sobranie.mk
75. www.nato.int
76. https://www.fbi.gov/about-us/intelligence/intelligence-cycle
77. https://www.cia.gov/kids-page/6-12th-grade/who-we-are-what-we-do/the-intelligence-cycle.html
78. http://isisiraq.com/timeline/
79. http://isisiraq.com/isis-al-qaeda/
80. https://en.wikipedia.org/wiki/Islamic_State_of_Iraq_and_the_Levant